## СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Петтото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 25 април 2000 година

Седницата се одржа во салата за одржување на седници, во Собранието на Република Македонија.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше Томислав Стојановски, потпретседател на Собранието.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа по 42-та седница на Собранието.

Пратеникот Јордан Бошков, ме извести дека од оправдани причини не може да присуствува на седницата.

Ве молам, да притиснете на копчињата, да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Како присутни во салата, се пријавија 66 пратеници.

Констатирам дека присуствуваат мнозинството пратеници н дека истата може да продолжиме со работа.

Продолжуваме со претрес по Информацијата за програмската ориентација на МТВ, со посебен осврт за застапеноста на програмите на јазиците на малцинствата.

Според досега пријавените има збор пратеникот Исмет Рамадани.

Но бидејќи тој не е присутен, втор по ред е г-динот пратеник Нано Ружин.

**НАНО РУЖИН:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, претставници на Влада.

Јас ќе зборувам, иако тука немаме претставник од МТВ, а знаеме дека и на минатата седница, г-динот Биљали, токму инсистираше да биде директорот на МТВ; бидејќи се работи за извештај, кој го подготвува оваа куќа. Но и тоа можеби зборува за состојбата на телевизијата, односно значењето која што таа ви го дава, како пратеници. Меѓутоа, не мислам само на трансмисијата само на овие седници, туку и на нивното присуство овде.

Кога на почетокот на минатиот век во 1900 година, прв пат е измислен зборот Телевизија, тоа е на Светската Универзална изложба во Франција, во Париз, веројатно, никој не ни претпоставувал, дека медиумот ќе биде толку значаен елемент за кое што денеска ќе му даваме толку големо значење, па дури и на една седница на нашиот Парламент.

Медиумот Телевизија, со зборот развиток и своето значење, денеска е речиси водечки медиум и со право се оние, кои што велат дека залезот на книгата, на печатот токму со должат на појавата на Телевизијата, на нејзината распространетост, на нејзината популарност, бидејќи и потрошувачот и гледачот сака да гледа тоа што се случува. Медиумот е присутен во сите домени, ние се интересираме исто така, за функционирањето на истиот по сите домени, меѓутоа, како луѓе од Парламентот, како луѓе што функционираат во ова општество, како пратеници, секако, одредено значење му даваме на медиумот, во развитокот на демократијата.

Од 1989 година па наваму, се покажа дека медиумот е исто толку битен, како демократијата. Всушност демократијата се развиваше паралелно со медиумот и секогаш кога се поставуваше прашање за позицијата на телевизијата, исто времено следи и второто прашање на која стапка е развиена демократијата во едно општество.

Со други зборови, медиумот Телевизија, работи за доброто на демократијата и тогаш навистина, функционира, како средство за комуникација. Но исто така, медиумот може да работи и за доброто на автократијата. Во тој случај, функционира само како средство за пропаганда и тоа, како мошне ефикасно средство. Видовме од настаните во последните децении, гледавме еден преврат, директно на телевизија, тоа беше во Романија, ја гледавме војната во Ирак, Косово и т.н. Всушност медиумот влијаеше врз јавното мислење. Тоа е нај битното. Јавното мислење и улогата на медиумот кај нас и во светот.

Затоа денеска, кога зборуваме за Телевизијата, ние не се интересираме само за тоа, дали таа куќа прави ваква или онака емисија, туку таква е нејзината содржина, каква е нејзината поставеност во однос на власта, во однос на опозицијата, во однос на оние што се неопределени, во однос на симпатизерите.

Јас веднаш сакам да истакна дека речиси, станува една балканска навика, опозицијата да биде не задоволна, со право, од медиумот, односно нај моќниот медиум Телевизијата.

Затоа, во таа насока сметам дека прашањето на демократијата во Македонија, истовремено е прашање на демократичноста, оспореноста објективноста на Телевизијата.

Сега го гледам директорот и го поздравувам што е тука, меѓутоа како азбука ми е јасно дека шефовите на Телевизиските куќи, секогаш треба да бидат партиски не определени. Тоа е еден од еден критериумите на Европскиот пристап кон работите. Не дека ќе се направи ваква или онаква програма, тоа е друго прашање, меѓутоа, едноставно не треба да стои тоа.

Од друга страна, не сакам да ја заборавам и улогата на медиумот, на државната телевизија, во смисла на исполнувате и влијание во општеството, по негова културна хомогенизација, меѓутоа општествена хомогенизација да се создава кај гледачот, нешто по кој што ќе верува и во кој што верува целиот народ во едно општество. Исто, како што е прашањето на религијата медиумот, пред се, телевизијата, има за функција да се грижи за јавното мислење на гледачот, во смисла на јакнење на неговото чувство, за припадност на една држава.

Тука сосема се согласувам, дека со оглед на тоа, што кај нас постои мнозинство на етнички заедници, значи, ние сме општество со повеќе заедници, ние мораме согласно Европските стандарди да ги респектираме, исто така, вкусовите и трендот на размислување на етникумите.

Затоа сметам дека треба да се зголеми бројот на времето, кој што ќе биде дадено на располагање на гледачите од националностите и секако да не се заборави во тој контекст, една поголема објективност.

За нас, како политичари, можеби секогаш ќе ни одговара нашата приказна, нашата идеологија, нашите стандарди да ги наметнеме на гледачот.

Меѓутоа, гледачот исто така не смееме да го потцениме, како еден пасивен потрошувач, кој постои само заради нас, туку напротив, ние постоиме и воопшто во телевизијата треба да се стави во функција, дека постои заради гледачот, заради потрошувачот.

Така што, денеска заради мошне значителни историски моменти, некои ги делат транзициони моменти на социјални, економски, политички, културни стресови, телевизијата има извонредно место и улога, во јакнењето на заедништвото, во јакнењето на свеста на граѓанинот на Република Македонија. Дали тој граѓанин е задоволен од тоа што му се пласира преку телевизијата.

Знам дека под притисок, постојат некои емисии, во кои што и јас учествував кои што се нарекуваат ринг, на кои што и јас учествував како претставник од опозицијата. Тоа е за поздравување. Меѓутоа, мислам дека тоа е премногу малку, затоа што сметам дека опозицијата е премногу малку застапена на телевизијата. Јас не велам дека треба да се прават некои псевдо, емисии против Владата, меѓутоа барам еден поголем степен, една поголема застапеност на било која опозиција, оние што се во власта. Затоа што, ќе дојде денот, кога секоја телевизија и оваа нашава, самата ќе си го поставува прашањето, фали навистина, народот е задоволен од нејзините програми, дали политичките субјекти се задоволни од нејзините програми, дали има доволен критички осврт.

Ние мораме да прекинеме со традицијата. Јас разбирам, дека секоја држава треба да има еден носечки медиум, кој што размислува и прави емисии во полза на државата и т.н. Тоа не е македонска измислица, тоа е измислица на целиот свет.

Впрочем, ако не ми верувате, анализирајте го еден министер кога ќе го најават интервју, многу повеќе ќе се подготвува за тој интервју, отколку за седница на Владата. Тоа е реално, бидејќи тоа ќе биде отворен дијалог со гледачите. Меѓутоа, понекогаш се наоѓаме во состојба, иста како што беше и за време на едноумието да секоја емисија, секој ТВ дневник започнува со улогата на премиерот, со улогата на претседателот што се случува таму во Светот се случуваат толку настани. Не велам дека не треба ниеден ТВ весник да почна со таква емисија. Но зашто да не почне со еден настан, кој што тој ден го потресол целиот свет, како што гледаме на СИ-ЕН-ЕН и каде што гледаме на другите ТВ програми.

Конечно сакам да ја довршам мислава околу ТВ Рингот. Добро е што се појавуваат луѓето од опозицијата, меѓутоа исто така велам отворено постои едно размислување на интелектуалците и меѓу новинарите дека всушност тоа е еден вид мало дошминкување, ете и опозицијата учествува во тоа. На пример дали ќе се случи да видиме емисија со еден позитивен осврт за опозицијата, за некоја партија, а ќе признаете иако вие ги гледате од ваша страна тек работите, имаше опозицијата и некои работи кои што беа навистина за похвала, можеби од ваш политички аспект на ви се допаднаа сите, но сепак ќе признаете имаше придонеси, имаше одреден позитивен аспект позитивни прилози. Мислам дека во недна емисија не го чувме денеска на Телевизија.

На крај, со оглед дека гледам дека интересот за оваа тема не е многу голем, јас ќе завршам со две констатации. Веројатно во МРТ размислуваат вака: она што е добро за Македонија е добро и за македонската Радио

и телевизија. Но се прашувам. Дали она што е добро за Македонската радио телевизија и е добро за Република Македонија. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има пратеникот Абдулаи Јонуз.

**АБДУЛАИ ЈОНУЗ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитувани претставници на Владата, почитуван директор на МРТВ.

Бидејќи сум член на Комисијата за политички систем, каде што расправавме по Информацијата за програмската ориентација на МРТ, со посебен осврт за застапеноста на програмите на јазиците на националностите, сметам дека наместо и пред оваа говорница да го искажам моето мислење во врска со оваа Информација, која е по нарачка и барана, и да го повторам дел од тоа што на Комисија го истакнав дека Информацијата задоволува под тоа што е барано и тоа е и дадено. Нашински речено "тражи ли сте гледајте". И во еден конкретен превод ќе се обидам да повторам дел од тоа што моите колеги пратеници го истакнаа. Дека, во оваа Информација се дадени податоци за застапеноста на програмите на јазиците на националностите и тоа до 1996 година, што е постигнато за тоа треба да се заблагодариме на сегашната опозиција конкретно на тогашната позиција СДСМ И ПДП, а тоа граѓаните го гледаат секој ден, а во овој момент јас само ќе ги потсетам дека програмата на Албански јазик во Македонската телевизија по прв пат и тоа беа спомнати овдека тие историски 5 минути почнати од 1967 година и дел од оваа Информација, каде што се наведува. Треба да се каже тогашната ТВ - Скопје беше прво ТВ Студио на овие простори што емитуваше програма на Албански јазик. Што е точно и со што јас се согласува, бидејќи тоа така беше и никако не можеше поинаку да биде, бидејќи во тоа време све беше контролирано. Средствата на јавното информирање и во приватниот живот зашто сме сведоци и по 1967-1968 година поготово 80-тите години, каде што се се контролираше, не само на Телевизија и Радио, кои песни ќе бидат емитувани, но се контролираше и во приватниот живот, кој каде приватно ќе пее, кој каде на жалосни средби, поворки, каде ќе присуствува и со кого ќе присуствува.

Тоа беше тоа време и никогаш да не ни се врати. И каква ја имаме состојбата пак опфатено во делот на Информацијата, каде што во потполност не можам да се согласам, бидејќи цитирам дел од Информацијата "Како што растеше програмата на македонски јазик, растеа и емисиите на албански јазик". Јас тоа ќе го аргументирам со податоци, кои беа овде изнесени, дека сегашниот обем од 3 часа дневно сопствена програма на албански јазик на Македонската телевизија, датира од 1996 година. И за овие резултати и за другите националности кои живеат во Република Македонија, а јас ќе ги повторам како што е турската националност и за нив состојбата е скоро идентична. На турски јазик првата емисија се емитуваше во 1969 година и во оваа редакција го следеше растежот на другите емисии, пак што не е точно и денеска имаме еден час и 30 минути дневно емисија на турски јазик и тоа пак датира од 1996 година. Емисијата на ромски јазик по прв пат се емитуваше 1990 година, а од 1996 година се емитува по 30 минути неделно. Емисијата на влашки јазик по прв пат се емитува од 1991 година, еднаш неделно во траење од 20 минути и тоа ваква минутажа датира од 1996 година.

Слична ситуација е и со емисијата на српски јазик по прв пат емитувана во 1994 година еднаш неделно во траење од 20 минути од 1996 година по два пати неделно по 30 минути. Овие показатели се дадени во оваа информација и ова е резултат на тогашната позиција, пак ќе повторам СДСМ и ПДП и јас овде од оваа говорница јавно ќе кажам дека тоа е голем нивни резултат што го постигнале и колку постигнале бројките и програмата и содржината зборува, а досега и по 1996 година малку се измените и промените во МРТВ, посебно за застапеноста и содржинската програма на јазиците на националностите за што впрочем гледачите и слушателите во радио можат да се уверат. Но, за овие проблеми можеме да се осврнеме, претставниците но и сите други пратеници во овој Парламент со една заложба сето тоа што досега е направено, а добар школски пример е како не треба понатаму да се продолжи, туку да се нафатиме, а овде во информацијата децидно ни стои и е забележано дека во коалиционот договор меѓу владеачките политички партии ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА е предвидено третиот канал на МТВ, да се намени за емитување на програмата на јазиците на националностите од земјата, со што јас во потполност се согласувам. Но, со третиот канал на МТВ не ваков каков што е, бидејќи овде беше напомнато дека сегашната гледаност на третиот канал ниту од близу не ги задоволува потребите на гледачите, посебно од националностите, но во проектот се предвидени средства, каде што секој граѓанин во Република Македонија издвојува за МРТВ и од тој аспект третиот канал квалитетен кој што ќе се гледа, а во моментот

не се гледа ниту во нај бликското место во Тетово, а да не зборуваме за понатаму. Но, со промените кои на третиот канал ќе се воведат, тогаш ќе има место за застапеноста на програмите на јазиците на националностите и тоа на сите, зборувам за граѓанинот на Република Македонија без тоа да отстапиме од онаа стара платформа, некој да бара, а некој да дава, туку овде се работи за потреба на граѓаните, за потреба на жителите на Република Македонија да бидат застапени, со тоа што она што колегата на крајот го спомна, дека демократијата, т.е. медиумите се добро за демократијата, во потполност независно што колегата е од опозицијата, баш ми е драго, во потполност се согласувам, но демократијата кога се злоупотребува тогаш тоа е лошо за граѓанинот, бидејќи секое ограничување на медиумите и од сите националности, за сите граѓани тоа е самоубиство за партиите и за партијата на власт. Од тие причини сметам дека досегашната пракса еднаш засекогаш треба да се заборави и граѓанинот, а тоа е целта наша да биде во можност нај квалитетно и нај директно информиран со тоа ќе биде еден голем чекор во демократијата, еден голем чекор во нашите стремежи кон европските токови, за што сметам дека сите овде се согласуваме и за среќа би требало сите да работиме.

Колку во тоа работиме и колку ќе работиме, тоа верувајте народот ќе го оцени, а се знае начинот како народот ќе го оцени преку гласањето и преку нивната доверба ние овде да ги претставиме и никако нивното гласачко мислење да не го злоупотребиме, бидејќи никој во тоа не ни дава за право, а најмалку нашиот морален чин, за што сме овде во овој законодавен дом.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Исмет Рамадани.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине потпретседателе, почитувани колеги, нам ни беше доставена една информација за која морам да кажам дека доста конструктивно и тоа и ме мотивираше на еден начин и јас да учествувам и да придонесам, сепак од оваа информација и понатаму да бидат отворени некои теми, па нека бидат и дилеми, но сепак, од ова се добива, затоа што и од расправата која се водеше во Комисијата за меѓу национални односи, јас не знам каков заклучок ќе има Собранието, меѓутоа едно се знае дека, скоро сите пратенички групи, односно нивните претставници се сложуваат со тоа дека треба да се направи нешто повеќе, во тоа што значи обем, односно проширување на програмите на националностите, да се подобри состојбата во тоа што значи квалитет и да се подобри состојбата во тоа што значи програмска ориентација т.е., место за сите во МРТ.

Исто така, за мене е исто позитивно и тоа што на еден начин на одредени комисии или тука се отвори и прашањето дури и за називот, односно името на МРТ. Можеби само се реафирмираат уште еднаш еден став, односно едно становиште кое беше и порано кажано од парламентарната група на ПДП дека, оваа куќа треба да се вика, односно да се именува како Радио телевизија на Македонија и тој став и понатаму не е изменет во самата парламентарна група на ПДП и јас мислам дека требало и од време така да биде и сега треба да биде така, затоа што јас и понатаму останувам со едно убедување дека една ваква номинација, односно едно вакво име на РТМ, или МРТ дојде по тоа што имавме ние едно време разбирање и се уште имаме разбирање со референцата што Република Македонија ја има како БЈРМ и има проблеми во потпишување на договори и ратификации на разни документи и тој проблем се провлекува со години со самиот факт што и Владата и бившата и сегашната за да ја избегне таа референца обично тие договори, односно тие активности што значат во билатерала и мултилатерала, мораше понекогаш со тие земји, од кои не се признаваме со уставното име понекогаш да се настапи со македонска Влада. И сето тоа после се поприми и во сите други институции како начин за менување и од другите институции т.е.. дали се јавни претпријатија и т.н. Во овој случај мислам дека и самиот јавен сервис што во овој случај се вика МРТ. Затоа што се отвори таква тема, односно се отвора и таа дискусија уште еднаш, јас мислам дека и за ова треба да се размисли понатаму.

Што се однесува до содржината на Информацијата, јас мислам дека Информацијата опфаќа тоа што се некои општи определби, мислам дека и на самото Собрание, а и некои определби кои ни доаѓаат дури и таксативно и од тоа што значи разговори, односно преговори со Европската Унија во самите разговори за стабилизација и асоцијација еден од сегментите, односно еден од пунктовите каде што треба нешто повеќе да се направи се и медиумите, во овој случај и електронските медиуми. Исто така би сакал да кажам тука и за тоа кој е начинот нај добриот начин и нај добрата можност да се искористи до крај реално тоа што произлегува од самата структура, да речеме и граѓанска и национална во Република Македонија и да бидат презентирани во еден јавен сервис, во овој случај како сакате може

да се рече, но сепак МРТ е еден државен медиум, каде што би требало да бидат застапени сите, а за сите има простор. Кога велам, за сите, во овој случај кога се работи за политички теми, односно политички проблеми застапеноста на позицијата и опозицијата, а се разбира другиот простор што треба да се покрива се однесува за интелектуалците, за луѓе кои навистина може да придонесат за да се создаде едно јавно мнение, односно јавно мислење. Сметам и јас како и многу други мои колеги кои настапуваа по оваа информација, настапија по оваа информација дека опозицијата е малку претставена во овој медиум и тоа може со многу аргументи да се рече и на начинот како понекогаш се претставува, дури и тоа е дискутабилно. Но, јас ниту сакам да го дигам гласот, ниту сакам начинот на мојот настап да биде сфатен така што не сакам во овој случај да допринесувам, туку уште повеќе работите да ги ставаме во недоразбирање понатаму. Едно е сигурно ако има простор и за опозицијата во еден државен медиум, како што е МРТВ во овој случај, тогаш опозицијата ќе има начин да го создаде тоа што е јавно мислење, но преку еден државен медиум кога се затвора, односно не се дава простор за една опозиција во овој медиум, тогаш се создава еден друг проблем, кој за мене исто така е дискутабилен, тоа се медиумите кои ние ги нарекуваме приватни или независни. Тогаш опозицијата ќе најде место во тие медиуми електронски, меѓутоа, тогаш и опозицијата и тие медиуми ќе бидат многу по агресивни во создавање на јавното мислење.

Исто така треба да се воспостави една интеркомуникација во самиот медиум, во овој случај во самите медиуми што се во склоп на овој јавен сервис, што се вика сега МРТ. Затоа што имаме редакции за кои се ангажираме да имаат што подобар и по авансиран статус во рамките на МРТ, да речеме редакцијата на албански јазик со години, иако ние направивме чекор напред, како што рече и претходниот дискутант, во тоа што значи проширување на програмите, во тоа што значи термин и т.н., меѓу тоа не направивме нешто повеќе во тоа што значи статус на повеќе независност во рамките на МРТ како редакција, а тоа може да се направи само со статусот програма, да речеме на албански јазик и на другите јазици на националностите. Исто така, таа редакциска политика, мислам дека понекогаш се претерува. Ние со самиот факт дека читаме во еден пасус кој беше спомнат тука и од позицијата и од опозицијата јавно значи информација која доаѓа од јавен сервис, јавно веќе се кажува дека се повикува на договор на коалициони партнери со име и презиме на партиите кои се договорите. Ние знаеме дека такви договори има.

Меѓутоа, во една ваква информација која е изворна во овој случај и доаѓа од МРТ, мислам дека такво нешто не треба да стои, затоа што велиме дека е јавен сервис и ги презентира интересите на сите граѓани, а сите тие граѓани со сега ефикасен начин на плаќање на тоа што значи месечна рата и т.н., мислам дека тие се граѓани кои учествуваат во разни партии, во разни асоцијации и т.н., а во овој случај би било дури и навредливо кога би се кажало дека сето тоа што го имаме сега во МРТ како програмска ориентација и како план понатаму за развивање на оваа куќа е договор на коалициони партнери. Тоа се прави многу јавно.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:** (Продолжение)

Исто така, мислам дека се претерува во тоа што значи дисциплинирање на еден начин на новинари кои работат во создавањето на програмата и на македонски и на албански и на турски и на другите јазици. Мислам дека тоа е очигледно и не треба коментар, затоа што кога разговараш и со самите новинари, искрено, се разбира под услов да не знае "газдата" тоа го изразуваат на некој начин при овие слободни разговори. Мене ми е жал што млади новинари се ставени во една ситуација кога можат нај повеќе да создадат и да дадат во тоа што е нивна креативност, нивна инвентивност, тие се ограничени и секогаш кога работат на тоа да се создава таа програма, тие мораат да бидат со една резерва, како тоа ќе го коментира првиот човек, вториот човек или партиите кои учествуваат во коалицијата.

Што се однесува до некои дискутанти кои на еден начин дури сакаа дури малку да не кажам препотентно, така се поставија, дека еве има три часа програма, споредувајте се со другите и што сакате повеќе. Иако тие беа во мал број, мислам дека сепак тој консензус што се однесува до проширувањето на програмите, останува и понатаму во пратеничките групи и мислам дека на тоа може да се направи нешто повеќе.

Едно ме загрижува дека третиот канал, кој како идеја и уште е кажано, како што реков претходно како идеја на коалиционите партнери, се уште не можам да се убедам во самиот факт дека кога ќе го прочиташ пасусот каде што се предвидува третиот канал, навистина не ти дава многу да се надеваш дека оваа работа брзо ќе биде завршена односно ќе биде реалност. Со самиот факт дека правната основа се уште не

е готова, значи треба да се работи на тоа, со самиот факт дека техничките подготовки ниту се почнати, со самиот факт дека засега третиот канал не покрива 90% од територијата на РМ, а тоа значи проблем ќе биде и со добивање на концесија, мислам како канал кој ја покрива целата територија и со самиот факт што треба едно финансирање, веројатно тука не се спомнува, но во моите погледи останувам на тоа со право, не знам, немам информации до крај, меѓутоа, финансиската конструкција за овој трет канал никаде не се спомна дека е најдена и постои, затоа што за да се направи нешто сепак треба таква финансиска конструкција, а во овој случај во информацијата не го гледам тоа.

Да завршам, пред малку реков дека и таа интеркомуникација треба да се илустрира со пример. Многу малку во програмите на македонски јазик имаме репрезенти, односно се репрезентираат интелектуалци од разни профили кои можат многу да придонесат за создавање на јавното мислење. Тие многу малку или скоро воопшто не се застапени.

Мислам дека тоа би требало да биде како ориентација. Јас сум имал прилика, но многу ретко, да видам дека се застапени тие интелектуалци, кои во овој случај можеби не учествуваат односно не се членови, а учествуваат активно во партиите, во овој случај ПДП и ДПА, меѓутоа, се интелектуалци кои навистина можат многу да придонесат со нивните настапи не само за политичките проблеми, туку и за други проблеми. На еден начин имаме потреба од тоа, затоа што тоа значи еден престиж и за нас Албанците во овој случај. Ќе ви илустрирам еден настап пред неколку месеци, кој беше во доцните вечерни часови, кога се водеше разговор со г. Луан Старова за неговиот роман "Времето на козите". Јас како човек се чувствував многу добро, кога се водеше разговор со интелектуалец од таков калибар, а мислам дека такви интелектуалци има од сферата на културата, науката, уметноста, литературата, кои можат да настапуваат и би требало да настапуваат, затоа што малку се знае за нив. Сега можеби и малку повеќе, но сакам да илустрирам дека со самото наше учество во Парламентот како парламентарна група, првите години после 1990 година, луѓето надвор не поздравуваа и велат луѓето од македонска припадност, ние не сме знаеле дека има и Албанци интелектуалци кои на конструктивен начин можат да ги застапуваат Албанците, да ги застапуваат нивните идеи и ставови и т.н. Мислам дека МРТ таа улога треба и натаму да ја игра, за да создаде јавно мислење кое сепак ќе кореспондира со тоа што го пишува во документот од Хашката конференција од 1994 година, каде има некои пораки во вид на заклучоци. На едно место таму се вели дека средствата за јавно информирање треба да имаат форум за јавна расправа, со што е можно поширок спектар на гледања и мислења. Самата порака ни дава до знаење дека може да се направи нешто повеќе во оваа куќа. Не мора секогаш работите да се поставаат еднострано, затоа што сите имаме потреба на еден начин да ги искажуваме нашите мислења, идеи и ставови преку овој медиум, затоа што е медиум кој на еден начин е основан од самото Собрание, самата структура на Собранието, политичка, партиска и национална и треба на еден начин да биде рефлектиран и во медиумот кој се вика МРТВ.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Оломан Сулејмани.

**ОЛОМАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседател, почитувани дами и господа пратеници.

Очигледно е дека темата за која расправаме не е за потценување, меѓутоа, некои пратеници од ПДП своите ставови во врска со оваа информација ги изнесоа и не би сакал да се повторувам со нив. Затоа сакам да бидам што пократок.

Прво, треба чесно да се одговори на МРТВ кој е основачот, а сите знаеме дека сите знаеме дека основач е Собранието на РМ. Ако е така, тоа ни дава за право дека овој јавен сервис треба пред се да случи на граѓаните, бидејќи токму нив ги претставуваме во овој законодавен дом. Дали е тоа така, јас мислам дека МРТВ најмалку посветува внимание на граѓаните, кои директно ја финансираат оваа институција. Битката се води, односно МРТВ треба да биде сервис на политички опции односно влади и затоа мислам дека од ден на ден ќе ја губи смислата како РТВ, која е сервис на граѓаните. За жал, тоа ни се случува.

Не би ја напаѓал толку жестоко сегашната коалиција, бидејќи веројатно и претходните коалиции имале слабости. Меѓутоа, сите ние овде треба да се срамиме дека малку простор им даваме на опозиционите партии. Што значи тоа? Ако сте дале некоја изјава во оваа медиумска куќа, ќе видите дека ако е пратеникот од позицијата до крај ќе добие можност да се изјасни, меѓутоа, ако после него е пратеник од опозиција, ќе видите дека гласот се намалува односно сосема му се одзема гласот, така што тоа оди како празна лента, како човек кој се гледа дека само зборува меѓутоа не се слуша ништо. Од сето ова после новинарите ќе бараат извинување, бидејќи некој им ги скратува

нивните новинарски трудови и не знам како. Тоа може да ни се случува честопати. Пратениците од позицијата според мене имаат поголема можност и се по привилегирани од овој аспект. Ние пратениците од опозицијата - не е срам тоа да го кажам - единствен излез имаме, за да дојде нашиот глас до нашите избирачи само преку овој микрофон, кој е пред мене и оние микрофони кои ги поседувате вие пред вас. Со ова мислам дека не само што губи Македонија, туку губиме сите ние, бидејќи со овие медиуми, особено овој медиум, но не зборувам за независните медиуми, на некој начин диктира темпо, односно тешко му е да се откаже од монистичкиот систем. Овој начин на работа на овој медиум не што не помага на демократските процеси во Македонија туку напротив - (директорот на МРТВ излезе од салата) - мислам дека директорот нема трпение да ме слуша, меѓутоа, губи демократијата во Македонија, губи плурализмот, идејата за да се спротивставуваат идеите, односно политичките програми на сите оние партии колоритни, плуралистички кон кои тежнееме сите ние, односно тежнее Република Македонија.

Ќе кажам две три реченици во врска со тоа дали ги задоволува потребите на Албанците програмата на албански јазик. Мислам дека дури е жално во 21-от век некој да се радува дека имаме 3 часа програма, а некој да рече дека ќе имаме повеќе. Јас мислам дека Албанците не смеат да паднат на овие провокации или овие потценувања, бидејќи сите ние на некој начин ја финансираме оваа Радио - телевизија. На сите ни е јасно, сакал или не сакал граѓанинот, му се одземаат тие средства при напратувањето на електричната енергија. Значи МРТВ покрај тоа што го има оној монопол, чисто владин монопол, МРТВ ја има и онаа привилегија што на некој начин на нечесен начин или не толерантен тие средства ги обезбедува и од друга страна, односно на индиректен начин.

За нас Албанците, а зборувам за моите избирачи, третата програма е за поздравување, меѓутоа, сепак постои една скепса. Што е тоа?

Прво, финансиски средства од самите луѓе од МРТВ се гледа дека тешко можат да се обезбедат, за да имаме една успешна програма која ќе ги задоволува потребите на сите националности, би рекол во наводници, како што е договорот меѓу коалиционите партнери. Тоа може да биде само желба на коалиционите партнери. Инаку, Албанците во множина или мнозинскиот дел сакаат да имаат побогата програма, поширока програма, меѓутоа, таа да биде на вториот канал на МРТВ. Бидејќи и така нивниот број како луѓе, како државјани на оваа Република е голем, а за да се направи една споредба со албанската популација, при што не сакам да ги потценувам другите националности, јас мислам дека тоа е под наша чест, бидејќи Албанците токму во овој Парламент се претставуваат со 25 пратеници, но за жал, немаме претставници од другите националности. Веројатно не е виновни тие, веројатно тоа е нивниот број, затоа што ни по мнозинската ни по пропорционалната листа не можат да дојдат до нивен претставник. Јас мислам дека и во овој дел ние како законодавен дом треба да го слушаме гласот и на Турчинот, Ромот, Евреинот и на ред други националности кои живеат, бидејќи свесни сме за тоа дека Македонија е мултиетничка и мултикултурна земја и треба да биде гордост и тие луѓе да имаат своја програма и во МРТВ и во другите медиуми односно електронскиот.

Да не одолговлекувам, јас бев единствениот пратеник во периодот 1991-1994 година кога најмногу ме болеше кога тогашната телевизија Скопје ја именувавме како Македонска радио - телевизија. Јас имав конкретен предлог таа да се вика односно да се именува како Радио - телевизија на Македонија. Не би се повторувал со колегата Исмет Рамадани, кој доста кажа околу тоа, им стана навика и на самите новинари, во последно време можете да слушнете дека во Европската Унија нудиме и македонско јагне. Мислам дека јагнињата се јагниња, а нас јазичарите најмногу не боли, бидејќи јагнето си е јагне, не е ни албанско, ни македонско ни германско, тоа е јагне и за ваквите претерувања и новинарите треба да водат сметка, бидејќи сепак пишаниот збор е многу тежок и него го читаат луѓе, а веројатно сите сме интелектуалци.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Аце Сајковски.

**АЦЕ САЈКОВСКИ:**

Почитуван г. потпретседателе, денешната распава по Информацијата за програмската ориентација на МРТВ, со посебен осврт на застапеноста на програмите на јазиците на националностите практично е во два дела. Јас ќе се осврнам на првиот дел.

Веднаш со самото поставување на информацијата забележуваме дека вакви

информации се поставувани во изминатите 50-тина години, а тоа ни се повторува и последните 10-тина години. Иста расправа. Меѓутоа, во Информацијата забележуваме нешто ново, се повторува “демократичност" во остварувањето на програмската концепција. Меѓутоа, од аспект на новинарство, демократија значи нешто друго во споредба со онаа на нас позната демократија што ја познаваме.

Демократија во информирањето, во новинарството значи напор на новинарот да помогне на спротивставените страни да се дојде до одредено разбирање, а таквата задача нашите новинари многу тешко ја остваруваат. Во овие последни десетина години многу семинари се одржаа во земјата, со странски институции, разни специјалисти по однос на новинарството, меѓутоа и покрај тоа нашите новинари не успеаја многу да прифатат, не од нивно не посакување, туку како резултат на транзиционот период што се случува во земјата. Многу новинари заминаа во приватните информативни куќи, а и во МРТ, во Нова Македонија и во другите државни куќи, каде што беа се најдоа во втор план, бидејќи како новинари не успеаја да се издигнат на повисоко ниво.

Затвореноста на новинарите доаѓа како резултат на повеќе партизмот, практично од нивната страв за нивните работни места. Тие треба едноставно да се ослободат од таа психоза, бидејќи новинарството бара професионално однесување на работните места. Професионалноста треба да важи и за раководните структури во тие куќи, без разлика дали тие се декларирале на која партија и припаѓаат. Подобро е, така што тие се декларирале на која партија припаѓаат, тогаш со само контрола, со ангажирање тие ќе се потврдуваат во својот професионален однос. Тој процес го забележуваме во МРТВ. И самите Вие гледате дека се појавуваа многу млади новинари, кои успешно ги осознаваат тајните на овој занает и се по успешни се и по прифатени во јавноста. Тоа мора да се прифати и во останатите информативни куќи, печатени или електронски, бидејќи само така нивните куќи, нивните списанија или радио и ТВ станици ќе имаат прием кај слушателите односно кај читателите, се друго е само уништување на нивните куќи.

Ваквото гледање на односот на новинарството е разбирање на сите политички партии тука. Во разговорите што ги имавме меѓу нас пратениците, да речеме од ДА и од останатите, истомисленици сме дека новинарството на овој план треба многу повеќе да направи во интерес на демократијата во државата. Кога веќе на овој план ќе се постигне многу повеќе во професионализмот во новинарството, во афирмирањето на вредностите во земјата што се создаваат, во објективното информирање, тогаш веќе и блискоста и потребите од проширување на програмата, од разновидноста, активирањето на третата ТВ програма, сето тоа со ред ќе овозможи задоволување на потребите на слушателите односно гледачите и читателите.

Затоа сметам дека иницијативата што ја преземаа Нано Ружин, Столе Попрв, јас и останатите, ќе се придонесе не само за развивање на новинарството туку и за останатата проблематика, со која се соочува нашата земја. Еве еден класичен пример. Новинарите се плашат да ги афирмираат вредностите што ги остварува овој Парламент. За сите тие закони што ги донесовме и што се од реформски карактер, а тие се толку значајни за државата што многу малку им се даде место во нивните програми односно на нивните страници. Затоа новинарите посакуваат слобода, слободно да пишуваат за она што мислат. Тие не смеат и не треба да бидат под туторство на некој друг, без разлика каде се и како вработени. Само слободно новинарство може да придонесе и за државата и за прогресот на граѓаните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на пратеникот Аце Сајковски.

Има збор пратеникот Мевљан Таири.

**МЕВЉАН ТАИРИ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, господине директоре, Информацијата што е изготвена по барање на пратениците односно на еден пратеник, мислам дека на одреден начин ни дава некои делумни сознанија за програмската ориентација и за застапеноста на програмите на националностите.

Во секој случај уште на почетокот ќе кажам дека, барем според мене недостига еден крупен дел, а се однесува на финансиската конструкција, на покриеноста со програмите кои се емитуваат, односно како се финансираат овие програмски содржини, колку се издвојува од целокупните средства со кои располага МРТВ, средства за поедините програми на јазиците на националностите. Во таа смисла би сакал, доколку сте во можност на денешната седница, на крај доколку најдете засходно да ги коментирате и да одговорите на одредени прашања, кои се поставуваат во дискусиите на пратениците, да ни дадете некои сознанија и за овој дел од вашето работење.

Инаку, сметам дека за да се дојде до вистинската дијагноза на нештата, по однос на работењето на јавното претпријатие МРТВ, неопходно е да се има предвид дека, оваа дејност се остварува во блиски врски и со Македонското радио - дифузно претпријатие, кое е надлежно да се покрие целата територија со квалитетен сигнал, кој што и по однос на втората програма, а уште повеќе и по однос на третата програма, не задоволува.

Затоа сметам дека овие активности кои треба да се одвиваат во поглед на подобрување на квалитетот и на програмата и на покриеноста со сигнал, треба да се одвиваат синхронизирано помеѓу овие две претпријатија, со интервенции, доколку е потребно и од страна на Владата, за да се обезбеди целата оваа замисла за подобрување на квалитетот и на програмата и на достапот на сигналот.

Инаку сметам дека еден важен дел, што се однесува до програмата на националностите е и осамостојувањето на овие програми, затоа што вака како што се поставени сега, сметам дека и понатаму ќе продолжат наизменичните обвинувања од едната и другата страна дека, оваа редакција односно оваа програма односно целосната програмска ориентација не е независна, не е самостојна и не е во интерес на севкупната јавност, туку дека на некој начин тие обвинувања се многу чести од едната или другата страна дека е во функција на пропаганда на одредена политичка гарнитура. Мислам, во таа смисла треба да се продолжи со мерки кои би значеле поголема самостојност на МТВ и на тој начин издигнување на квалитетот на информирањето пред се, а се разбира и на другите содржини кои што се емитуваат.

Финансирањето, како што реков и на самиот почеток е важен дел за да може да се анализира целата работа и за да може да се дојде до комплетни показатели за самостојноста на програмата. Во таа смисла навистина сметам дека со тоа што ние го очекуваме да ни дојде до Парламентот, како ваша идна визија за работењето, посебно во врска со третиот канал, кој што се заговара и кој што е еден проект кој ќе треба, претпоставувам да дојде и до нас пратениците како законски проект, треба да уследат одредени измени во Законот за радио -дифузна дејност, сметам дека треба да биде проследена и со одредена финансиска конструкција, која ќе овозможи надминување на сите тие пречки кои понатаму се набројуваат како неможност да профункционира, во моментот третиот канал. Во таа смисла претпоставувам дека и Владата би требало да интервенира со одредени буџетски средства. Нај веројатно дека самата куќа не располага со доволни средства за да се направи цела оваа работа. Доколку навистина постои спремност до крај да се истера оваа работа,за мене лично нема да биде важно дали тоа ќе се вика прв, втор или трет канал, туку за мене лично ќе биде важен квалитетот на програмата која ќе се емитува, самостојноста на таа програма во целокупната конструкција и функционирање на телевизијата и се разбира обезбедени доволно финансиски средства за функционирање на таа посебна програма.

Инаку по однос на самите содржини, програмски содржини кои се емитуваат од страна на МРТВ, би сакал да обрнам внимание дека во одредени програмски содржини апсолутно никаде не може да се најде никаква трага за постоење на било какви допирни точки со програмата на националностите. Пред се тука мислам на касетната продукција, која што би сакал да бидам демантиран овде, но според сознанијата со кои располагам, апсолутно не издава никакви содржини кои би имале било какви допирни точки со програмите на националностите.

Мислам дека во таа смисла би требало да се направи нешто повеќе, уште повеќе што, да кажам дека жанровите, како што се игралните емисии и некои други работи кои имаме прилика да ги следиме на првата и втората програма емисиите на македонски јазик, апсолутно не се застапени во програмата на албански јазик. Требаше да дојде некој од страна, мислам дека се работеше за некоја странска организација, која ни ги отвори малку очите и ни покажа како се прават такви емисии, кои покажуваат дека сепак и децата од различни националности можат да живеат и да си играат заедно, дури и да комуницираат меѓу себе на своите јазици. Тоа беше една играна серија која стана многу популарна меѓу децата. Мислам дека тоа е еден од начините на кои би требало да се огледа МРТВ и да продолжи со такви серии, кои покажале дека сепак има шанса и за поинакво живеење, освен за сегрегација.

Во таа смисла би сакал да предложам во иднина, некои емисии кои може да се преведуваат или да се обезбедуваат коментари на двата јазици, истовремено да се даваат на повеќе канали, на повеќе јазици со што би можело од една емисија да се направат по достапни и за други националности кои би сакале, евентуално да слушнат коментар на својот јазик. Има доста такви примери, не би сакал да набројувам. Се разбира тоа се, спортски натпревари, разни културни манифестации. Во таа смисла би

било добро и пожелно би било да се води сметка и за интересот на гледачите од друго јазично подрачје.

Инаку еден од важните елементи кои се набележува и во самата информација, се напорите на оваа куќа да одржува некакви врски со иселеништвото, со граѓаните од РМ кои што живеат и работат во странство. Во таа смисла исто така имаме одредени забелешки дека, одредени граѓани со друга национална припадност, пред се мислам на албанската, која во поголем број е присутна во странските држави, било на привремена работа, било како иселеници, немаат можност по сериозно да ги следат овие програми. Нека биде тоа ако треба и како иницијатива за воведување на сателитска програма, која би можеле да ја следат и каде што неделно или неколку пати неделно би им се давале програмски содржини, кои би им давале информации, или пак и други содржини кои би биле од интерес за самите граѓани.

И на крајот за тоа што е многу присутно овде кај нас, за тоа дали телевизијата со пропагандата што ја прави е во функција на одредена политичка партија, би сакал да се осврнам на пропагандата, односно според мене анти пропагандата што се прави од страна на Сител, кој беше најголем сојузник на опозиционите партии, со самиот начин на анти пропаганда што се водеше цело време, по однос на другите партии. Така што мислам, сите тие кои што забележуваат една вулгарна пропаганда во медиумите, не би требало толку да се вознемируваат, затоа што на крајот на краиштата сепак лошата пропаганда е само анти пропаганда, која оди против тие кој ја нарачуваат. Во таа смисла само би им препорачал на сите тие што водат сметка за објективност, сепак да им дадат шанса на сите и во еден натпревар на идеи и на знаења нека преовладува тој што подобро знае.

Со надеж дека и за ова прашање наскоро и по ова прашање директорот да ми одговори, кога можеме да очекуваме еден проект што ќе почне да значи заживување на оваа идеја за третиот канал. Кога можеме да очекуваме законски проект кој треба да му претходи, заедно со една финансиска конструкција, за да се оствари ова што на некој начин ние го очекуваме.

Инаку, со тоа и да завршам, мене не ми смета дали тоа ќе биде втор, трет или прв канал. Важен е квалитетот на сигналот и на програмата која ќе ни се пренесува.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, исклучително ценети новинари, бидејќи оваа точка на дневен ред е од вашата област.

Во оваа расправа сакам да се вклучам со една единствена цел, со тоа што ќе дадам еден добар придонес како некои состојби во МРТВ успешно да се надминуваат, без разлика на тоа што денес слушнав овде различни мислења и дури, можам да кажам, мислења кои се надвор од сите размислувања на паметните луѓе.

Ние добро знаеме, а добро знаат и самите новинари, што значи еден пишан, или електронски медиум и воопшто, добро знаеме, занимавајќи се со таквата дејност, што значи денеска информацијата, за XXI век.

Добро информиран човек, добро информиран граѓанин, тоа значи висок степен на култивираност во секој поглед, во секој домен од човечкото живеење. И доколку, луѓето не бидат целосно информирани, или добро информирани, тие би претставувале на некој начин затвореници на сопственото и на она што ги опкружува само нив околу себе.

Денес, да се поседува една информација, која би била клучна, значајна, тоа значи, да се помери и земјината топка. Информациите денеска стануваат моќно оружје, за сите политички партии, за сите држави, за сите народи, а да не зборувам за нај моќните држави, кои технолошки одат напред, кои се развиваат и се натпреваруваат на тој план.

Токму заради тоа, ценејќи ја таквата улога, значењето на информацијата во денешни рамки, во овој XXI век, ние сакале или не сакале, во Република Македонија и како Собрание на Република Македонија, треба да дадеме основен придонес и тоа со добри и конструктивни предлози, не со предлози кои висат во воздух и со предлози кои немаат никаква врска со материјалната и економската состојба на државата.

Ние можеме да сонуваме за најубави нешта. Можеме да сонуваме за колачи на трпезата. Меѓутоа, ако немаме со што да ги купиме и не сме на таков економски развиток или на една таква куповна моќ, залудно што ќе сонуваме, тоа ќе биде само сон, а не на јаве.

Токму заради тоа, сакам да им укажам на некои почитувани колеги пратеници, денеска што зборуваа. Тие сонуваат навистина, слатки, како што англиската кралица им нудеше, наместо леб да јадат слатки.

Затоа, треба да се спуштиме на реално ниво, да сфатиме во каква состојба се наоѓаме. Јас не можам да тргнам понатаму да разговарам со вас овде и да ме слуша јавноста и да предлагам било какви мерки за подобрување на програмата на МРТВ, а да не зборуваме за она другото, што е нај суштествено.

Ние прво треба да тргнеме од техничкиот, технолошкиот и практичниот дел, кој денеска се наоѓа во МРТВ. Со што всушност, таа претставува како едно јавно претпријатие и како едно претпријатие, кое во себе содржи луѓе, новинари, технички луѓе, кои работат и делуваат на тој план и дали ние, како Република Македонија, можеме да го издржиме тоа.

Прво становиште, прво скалило од кое мора да тргнеме е тој факт, таа вистина за МРТВ.

Прво, дали можеме бројот на вработените во МРТВ, да го сведеме на едни стандарди, кои воопшто се јавуваат во сите земји. Потоа, откако ќе ја направиме таквата структура, таквата шема на МРТВ, ние можеме како второ скалило да разговараме, или да се договараме како ќе изгледа таа програмска определеност, таа програмска шема и т.н.

Без овие два битни фактора, чинам, дека ние залудно зборуваме и трошиме време овде, во македонското Собрание. Значи, прво мора да се расчисти со поимот на вработените или дали вработените во МРТВ се премногу или се премалку или не се доволни, за да можеме понатаму да разговараме за програмските цели и активности и каде треба да се најдеме ние како граѓани на Република Македонија.

Што се однесува до прашањата сврзани околу името на МРТВ, кое денеска овде, беше исфрлено како еден памфлет и кое се заговара од 1990 година, кога Македонија постана суверена независна држава и самостојна држава, со референдумот 1991 година, тука треба да ставиме јасно до знаење дека играње со името, играње со припадноста во оваа држава не треба да има.

За жал, иако некои од политичарите, кои сметаа дека БЈРМ е привремено име на Република Македонија, само да се добие во време или во политичка позадина, да се надмине дипломатското несогласување со одредени земји, тоа до денес ни се провлекува. Затоа, треба да бидеме многу внимателни во тој поглед. МРТВ е МРТВ. Ова Собрание е македонско Собрание. Македонската академија на науките и уметностите исто така.

Во тој поглед, сето она што се произведува од Македонија е македонски производ. Македонска берза, македонска армија, сето тоа треба да се подведе под исти мерила и под исти критериуми. Затоа што ние не можеме на вештачки начин да воведуваме на права врата одредени инверзии на реченици, за да можеме понатаму, по вештачки пат да укажеме дека во МРТВ ги има и тие и тие и т.н.

Треба да сфатиме една работа. Секаде во светот, без разлика дали станува збор за конгломератни држави, за строго историски национални држави, државата е на преден план и тоа име секогаш треба да биде напред поставено и тоа е репрезент на државата од каде што доаѓа, било установа, било производ и т.н.

Затоа, во тој поглед, сите заложби, по било каков клуч да се прават и на мала врата, да се уфрлува нешто, што не треба да се уфрлува во државата, чинам дека води во друга крајност и тука треба да се исклучат сите активности.

Инаку, што се однесува до застапеноста на малцинствата на МРТВ и било каде во друг сегмент на државата, тоа е прашање на договор, прашање на слух на граѓаните на Република Македонија и на политичката власт во државата, но исто така, тоа е прашање и на слух на Меѓународната заедница, која од ден во ден се обединува, во голем дел од овие права во човештвото и тука, сакале или не сакале, нема да поставуваме брани, бидејќи таквите брани нема да не инкорпорираат во овие светски асоцијации и т.н. и токму заради тоа, мислам дека претпазливо треба да одиме во сите овие нешта, за да не создадеме кај другите, одреден јаз, за да се чувствуваат повредени и т.н.

Затоа, мора да постои ред и дисциплина. Токму заради тоа МРТВ е МРТВ и нема што тука некој да кажува дека треба да ја прекрстуваме, да ја преименуваме во македонска информативна агенција, или македонска известувачка агенција. Таа е МИА, тоа се знае.

Или, ако не сакате да одиме во такви крајности, да речеме, една буковска пипер, се произведува во село Буково, денеска: е позната на Австралискиот континент, како буковска пипер. Вие не можете поинаку да ја наречете, затоа што тоа е производ на изумителот, оној што ја направил и таа се патентира, и тоа е така. Тука нема што да бараме друго решение.

Инаку, што се однесува до третиот канал, многу од пратениците овде се во голема заблуда. Тие не знаат каде се движат

тие економски параметри и што значи третиот канал и дали некој друг бил на времето заинтересиран за третиот канал и дали некој финансирал во третиот канал.

Кај мене постојат и документи во Собранието на општина Битола, постојат документи за тоа кое е учеството на целиот тој западен дел и битолска општина, учеството на третиот канал и финансирањето, подготовката на времето што требаше да се пласира. Вие немојте, туку така да мислите дека овие работи ќе ги направиме со импровизација.

Јас мислам со импровизација никаде не се стигнува и заради тоа треба да се седне добро, со ладни глави, не со усвитени, затоа што само железото усвитено може да се кова, а кај усвитените глави нема разрешување.

Значи, треба да седнеме, да си ги видиме економските можности, сите работи да ги поставиме така, како што треба, без насилување, без престиж еден на друг, за да можеме сосема реално, во рамките на можностите, во оваа држава да направиме и тоа да изгледа и економски издржано и технички издржано и демократски издржано и за да нема никакви подвојувања на тој план и за утре да ни се случуваат било какви политички преседани, кои ќе имаат далекусежни последици по државата, по државноста и во јавното мислење и конфликтот, помеѓу одредените етнички групи во Република Македонија.

Треба да сфатиме дека информативните гласила денеска, а и порано кога се правени, имаат голема моќ. Замислете, со едно копче што притискаме, ние анимираме 2 милиона и 200 илјади жители во Република Македонија. Влегуваме во секој дом. Таа е голема моќ. Никој не може таква моќ да има, ниту поединец, ниту не знам што друго, туку со далечинското копче. Притискаме и ние влегуваме во секој дом и ние пласираме своја идеја, пласираме своја мисла, ние вршиме агитација, вршиме пропаганда. Тоа е клучна работа. И ако тргнеме од тоа, дека навистина тоа копче значи нешто, како што значат диригирани проектили и т.н., во еден миг да се поништи или да се подобри се, треба многу да внимаваме, затоа што тука е врзана и техниката и технологијата збор што има особена тежина и особена важност за опстанокот и напредокот на државата во секој поглед.

Еве ова беше мој мал скромен придонес за да не лутаме во одредени прашања, туку да можеме многу трезвено и паметно да ги решаваме работите на овој информативен план. Инаку не треба да се залажуваме дека тогашниот директор ќе може со волшебно стапче наталожените прашања и проблеми да ги реши за еден ден. Тоа е процес кој трае и секој во тој дел треба по едно камче да остава како благодет за да можеме тоа прашање да го надминеме.

Инаку, ако така се разрешува тоа прашање за еден ден, јас навистина, искрено сакам да стане еден и да каже овде, и ќе му направиме голем споменик на Водно, да биде многу славен.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на господинот пратеник Ѓорѓи Котевски.

За збор се јави господинот Љубомир Поповски.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претставник на МРТВ, ќе ми дозволите да се осврнам и да дадам свое видување за денешната расправа на седницата на Собранието, во врска со информацијата, за програмската ориентација на МРТВ, со посебен осврт на јазиците на националностите.

За жал, сум принуден, уште на почетокот да кажам дека оваа скудна информација, е типичен пример и одраз на карактерот на актуелната програма на МРТВ, или со други зборови, каква ни е програмата, таква ни е и информацијата, односно скоро да нема блага врска со вистинитоста во Република Македонија, односно со секојдневниот економски, политички, социјален и културен живот.

Имено, оваа информација, вниманието ни го привлекува само на два момента, кои одговараат на вистината, за разлика од другото, што е констатирано во неа, а кое само по себе се демантира од самата вистинитост и од секојдневното практикување на власта, во водењето и во политиката на актуелното раководство на МРТВ.

Имено, за што станува збор?

Прво, ако е направен некој напредок, во емитувањето на програмата на јазиците на националностите на МРТВ и на македонското радио, тоа е направено во период до 1996 година, а од тогаш до денеска, немаме никаков нов провев, ниту во квалитативна, ниту во квантитативна смисла на програмите на МРТВ.

Второ, на последната страница, каде што се тврди и констатира, дека е направен договор меѓу владеачките коалициони партнери, ВМРО-ДПМНЕ, ДА и ДПА, дека е предвидено третиот канал на МРТВ, да се намени за емитување на програмите на

јазиците на националностите, меѓутоа, од тоа до денеска ништо не е направено.

Што се однесува до другите констатации, присутни, во самата информација, особено за делот кој се однесува за наводната примена на европската концепција за радиодифузија, во работата на МРТВ и македонското радио, подобро да не зборувам, бидејќи наместо преку своите програми да бидат, значи тоа што би требало да бидат, форуми за јавна расправа, со што можен поширок спектар на гледишта и различни мислења, да емитуваат точни вести, информации и не пристрасни објективни коментари, да емитуваат плуралистичка иноваторска разновидна програма, во согласност со високи етички и квалитативни стандарди, да даваат автентичен придонес во развојот на демократските процеси и негување на критичкиот однос према општествената реалност или пак, дека Република Македонија има меѓународни обврски, да ја гарантира независноста на Јавниот радио - дифузен сервис, од политичко и економско влијание и мешање. Тоа да се прави со конституирање на независни, плурални одбори и управни тела.

Но, наспроти овие европски стандарди, во Јавниот радио - дифузен систем, актуелното раководство на МРТВ, во водењето на програмската политика денеска, го прави токму спротивното. Токму затоа, заслужуваат овие спротивставени концепции на Европа и на нејзините радио - дифузни институции, со она што нашата македонска телевизија го прави во последно време и посебно да се коментира.

Имено, слободата на медиумите е првиот услов за поставување на демократија во една земја. Секој вид посегање по таа слобода е знак за загрозување на демократијата, да биде увод во создавањето на не поволни состојби во државата.

Македонија измина долг пат, во процесот на усвојувањето за гарантирањето на оваа слобода. Со усвојувањето на новиот Устав на Република Македонија во 1991 година, се гарантираат правата и слободите во оваа сфера, во согласност со Универзалната декларација за човекови права и во согласност со Европската конвенција на човекови права и основни слободи во Советот на Европа.

Сето тоа и овозможи на Македонија, која во 1992 година имаше само една телевизија и едно радио, со национална концесија, во која излегуваа во печат само два дневни весника и еден неделен политички магазин, веќе во 1998 година, односно на крајот на мандатот на Владата на СДСМ, да биде земја со над 130 телевизиски и радио станици во земјата, со нови и високо тиражни дневно информативни весници и со бројни неделно - политички магазини, со разновидни политички ориентации и определби. Но факт е дека денес, Македонија е соочена со реално загрозување на слободата на медиумите, од страна на власта. Наспроти сите изборни ветувања на партиите, од денешната владина коалиција, дека ќе обезбедат промени, во насока на зголемување на таа слобода, се појасно станува дека тие практикуваат метод на гушење на таа слобода преку разновидни облици на политички притисок, кој треба да доведе до манипулирање, со јавноста во нивни интерес. Гушењето на слободата на печатот во Македонија од страна на власта, може да биде илустрирано со бројни примери, но за илустрација ќе наведам само некои. Првиот чекор на Владата на Македонија, по нејзиното конституирање во ноември 1998 година, беше поставувањето на функционери од партиите на власт, во својство на партиски комесари на чело на информативните куќи, кои се сметаат за јавни сервиси, во областа на информирањето. Тоа се случи и со МРТВ и со Македонското национално радио. На чело на управувачките одбори, исто така беа поставени веднаш проверени партиски кадри.

Во согласност со овие промени, извршени се темелни промени во уредничкиот и во новинарскиот состав. По системот, отстранување од должностите и од работните места, на сите, кои не се сообразуваат, или за кои директорите оцениле дека не можат да се сообразат со владината вистина, која треба да се шири преку овие медиуми. Сето ова е вршено преку јавни суспендирања на истакнати новинари во овие гласила, преку закани за отпуштање од работа, преку понижувачки деградирања на новинарите со уреднички искуства и нивно распоредување на почетнички позиции, преку изрекувањето на дисциплински казни и драстични смалувања на платите кај не послушните и воведувањето на бројни привилегии за партиски подобните кадри, на кои им се доверуваат задачите од посебен интерес на партиите.

**ЉУБОМИР ПОПОВСКИ:** (Продолжение)

Вака воспоставениот партиски монопол врз медиумите, кои треба да ја имаат улогата на јавни информативни сервиси и кои се се уште единствените телевизиски програми на пример, што можат да бидат гледани на еден значаен дел од територијата на Република Македонија, Владата го обезбедува дополнително преку системот на нивното финансирање

од Буџетот, со што практично со парите собрани од даночните обврзници, па дури и од опозицијата го финансира сопственото опстојување на власт. Во исто време  таа ги стеснува основите за финансиско опстојување на независните медиуми во земјата, финансирањето на медиумите во служба на партиите на власта е дополнително збогатено и преку насочувањето на средствата од јавните претпријатија во државата за рекламирање исклучително во тие гласила и преку заканите до приватните бизнисмени, кои се осмелуваат да закупуваат рекламен простор во опозиционите гласила. Овој вид на партиски монопол врз клучните национални медиуми, кој не се разликува од монополот кој владееше врз нив во времето на комунизмот и овозможува на партиите на власт д ги користат за политичка пресметка со опозицијата во земјата за која вратите на овие медиуми се целосно затворени, да манипулираат со јавното мислење во време на изборните кампањи, за време на кои овие медиуми работат наспроти сите закони со кои треба да се обезбеди рамномерен пристап на кандидатите и партиите во нив и дејствуваат не пречено и не казнето наспроти сите етички норми и кодекси на новинарството.

Меѓутоа, со оглед на тоа што овој монопол на власта врз државните медиуми не ги дава посакуваните резултати за воспоставување монопол врз вистината во целина, Владата во илегала подготвува Закон за јавното информирање, со кој според оценката на сите новинари само ќе биде ограничена слободата на говорот и особено слободата на опозициониот говор во земјата. Врз основа на овие илустрации, ние сметаме дека одбраната на слободата на медиумите во Македонија во овој момент станува едно од приоритетните прашања во одбраната на демократските процеси.

Затоа, СДСМ бара под итно државните информативни системи МРТВ, па и "Нова Македонија" да се ослободат од монополот на партиите на власт, кој е воспоставен врз нив веднаш по преземањето на власта од страна на партиите во владината коалиција и потсетува дека тоа што во нив се прави денес е во целосна спротивност со изборните ветувања на партијата на премиерот, чија партија го доби легитимитетот да владее и врз основа на изборното ветување кое гласеше: "ВМРО-ДПМНЕ во духот на европската демократија ќе изврши демонополизација на големите државни информативни системи" и на она кое гласеше: "Создавањето услови за суштинска слобода на информирањето, е должност на Владата во секоја земја и дека за полна слобода на јавното информирање, нужна е демонополизација на овие системи".

Второ, исто така ние се залагаме и бараме под итно да започне процесот на демонополизација на овие системи и во таа насока се предлага со измени во правната регулатива пред се да се овозможи со државниот сервис на МРТВ да управуваат неговите корисници, граѓаните на Македонија преку Управен одбор составен од мал број претставници на политичките партии и поголем број на претставници од професионалните здруженија на писателите, музичарите, новинарите и невладините организации, кои треба да се грижат за тоа овие државни институции или информативни сервиси да ја обавуваат својата дејност политички не пристрасно и во интерес на демократијата.

Директорите на МРТВ, директорите на Македонската телевизија, директорот на Македонското радио да ги избира Собранието на РМ, како основач на оваа институција и тоа од редот на најмалку двајца кандидати кои се избираат на јавен конкурс, врз јавно изложена програма, а за кои претходно управниот одбор дал согласност за нив.

Трето, на крајот СДСМ исто се противи за донесувањето на Закон за јавното информирање или за јавните гласила, чија што верзија по обичај е изготвена во целосна тајност од страна на Министерството за информации.

Идејата за донесувањето на овој закон со содржина, која по тајни канали и станува достапна на јавноста ја открива намерата на власта со закон да ја ограничи уставната слобода на уверувањето, совеста, мислата и јавното изразување на мислата. Заплеткана во сопствените бројни афери, тајни зделки и договори и удавена во сопствената корупција оваа Влада наместо со таламбаси и најавуваниот Закон за спречување на корупцијата, со која требаше да се стави на јавен увид и имотот на нејзините функционери за време на обавувањето на нивната функција, нуди закон со кој ќе ја ограничи слободата на печатот и ќе ги застраши новинарите и медиумите. Со други зборови, Владата се обидува да донесе закон, кој во духот на сето она што го прави во оваа сфера треба да ја ограничи слободата и демократијата во земјата или како што е општо познато,

како што се изрази еден новинар, да воспостави состојба во која нема да одговара повеќе оној што ја запалил куќата, туку оној што јавил дека куќата е запалена.

И на крајот, токму заради овие причини и некои други кои што не ги спомнав во оваа моја дискусија, сметаме дека предложените заклучоци од Комисијата за политички систем се не прифатливи, барем за мене, а се надевам и за целата пратеничка група на СДСМ, освен што е прифатлив последниот пасус од овие заклучоци дека известител од оваа комисија е мојот драг колега Јонуз Абдулаи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор пратеникот Мерсел Биљали.

**МЕРСЕЛ БИЉАЛИ:**

Господине потпретседателе, дами и господа пратеници, уште на почетокот да кажам, односно од последното продолжение на оваа седница од минатата недела јас многу јасно кажав дека не сум побарал ваква информација која е поднесена тука, туку сум побарал нешто што е предвидено со самиот закон, значи со позитивните норми, со нормите, со законите кои се во сила т.е. законот за јавното претпријатие "Македонска радио-телевизија".

Тој закон јасно предвидува дека претставниците на МРТВ еднаш годишно треба пред ова Собрание да поднесат извештај за целокупното работење на МРТВ. А, за замена од тоа што сум побарал јас, јас молам да се проверат стенографските белешки, на 4, 5 наврати во последните 4, 5 месеци јас сум побарал исклучиво извештај за работењето на МРТВ, како куќа од јавен интерес, од радио - дифузната сфера, меѓутоа и ваков извештај не сметам дека е штетно што е поднесен, напротив, корисно е да се расправа, меѓутоа едно е јасно, а тоа е дека веќе две години ние немаме расправано за никаков извештај за целокупното работење на МРТВ. Последен пат ние сме расправале во месец мај 1998 година за извештајот за работење на МРТВ и од тогаш до денеска ние немаме расправано, за мене од непознати причини зошто?

Меѓутоа и тоа е една своевидна контрола од страна на основачот врз ова јавно претпријатие во сферата на радиодифузијата, а тоа е контролата која индиректно се однесува на доверба или на недоверба на поднесувачот на извештајот во однос на работењето на МРТВ. Имено, може сосема лесно да се случи што поголем дел од пратениците иако јас имам некои информации дека, дел од пратениците кои се во позиција и тие не се до крај задоволни со работењето на МРТВ, особено со политиката која се води во таа куќа. Така што многу лесно може да ни се случи директорот, односно генералниот директор заедно со неговиот заменик, да не ја добијат довербата од ова Собрание од самиот факт што, односно под претпоставка да не се поддржи годишниот извештај на МРТВ. Според моето убедување ова не е случајно што не се поднесува извештај, па се поднесуваат за замена различни информации што реков дека не е штетно да се расправа. И мислам дека раководството на МРТВ просто и едноставно не знае што да напише во тој извештај. Дали во тој извештај да напише дека во МРТВ не постои слободно и објективно информирање, или да напише дека ние знаеме да ги истераме, да ги избркаме новинарите поради причините што не се послушни до крај, или да напишеме дека директорите, односно и заменициите нивни се истовремено главни и одговорни уредници на МРТВ што е спротивно со природата на нивната работа. Имено, тие треба да водат политика, тие се претставници, а главните и одговорни уредници и новинарите тие се професионални структури. Изгледа оваа работа не се разликува во сегашната структура на МРТВ. Или пак да напишат во тој извештај дека се многу способни до крај да ја сатанизираат опозицијата и јас им честитам на тој план.

Се поставува прашање зошто не е поднесен извештај? Според моето убедување тоа е поради тоа што оваа куќа до крај не ги исполнува обврските како куќа од јавен интерес, јавен сервис и нема како да го образложи како воопшто ги следи, односно го следи јавниот интерес во сите тие сегменти на животот како што е економијата, социјалата, развој на демократијата, правата на човекот, културата, спортот и т.н. И од ова можеме да констатираме, па дури би кажал дека се во право тие што јасно и гласно знаат да кажат дека оваа структура заедно со политиката чиј сервис е, односно тоа е Владата, или не знае што е разликата помеѓу јавниот интерес и партискиот интерес, или тоа го знае, па намерно го прави.

Кажав дека МРТВ според законот е јавно претпријатие од радио -дифузната сфера, значи тој е јавен сервис и оваа куќа се финансира од сите граѓани, што беше кажано тука подеднакво без оглед на тоа дали се тие присталици или следбеници на

позицијата или опозицијата, или воопшто не сакаат да навиваат за ниедна политичка структура, туку се до крај аполитизирани, или разочарани од политиката, меѓутоа тие плаќаат секој месец за да добијат противуслуга. Таа противуслуга мора да биде првенствено објективното информирање, плуралното информирање, тоа мора да биде неговиот интерес да биде исполнет со сите релевантни информации, емисии и т.н., од сите сфери на живеењето што за жал премалку го има.

И на крајот да кажам дека според мене Владата ќе сноси огромна одговорност со непредвидливи последици, поради диктаторското затворање на објективното информирање во структурите на МРТВ и на македонски јазик, а посебно катастрофална состојба имаме на емисиите на албански јазик. Што е целта на ова што се прави? И зошто реков дека можно е да има катастрофални последици.

Целта според мене е кај Албанците да се запираат демократските процеси со посредство на запирање на демократското и објективното и плуралното резонирање кај Албанците, па така да ги дискредитира пред Меѓународната заедница дека не се способни и не даваат допринос за развој на демократијата и не се способни да ги почитуваат другите мислења, односно алтернативното мислење и тоа е до крај против албанскиот интерес.

Значи, затворање на медиумите е до крај против албанскиот интерес и има за цел да ги дискредитира нив пред меѓународната заедница. И тој што стои позади тоа до крај ќе одговара за оваа состојба. За жал имам сигурни информации дека дури се оди до тоа што дневникот, централниот дневник прво се преснимува, па потоа се емитува.

Вакво работење немало ни 1946 ни 1948 година, кога не сме имале телевизија, па сме имале радио, а првите емисии на телевизијата, 60-тите години, веројатно беа многу по демократски од ова што се прави денес. Ова преснимување на Дневник, верувајте според сигурни информации го нема ни во Куба, ни во Северна Кореја, ниту во Виетнам, ниту во Либија и не знам каде, а го има во МРТВ. Зошто? Веројатно генералниот директор и неговиот заменик имаат обврска да одговорат не само пред ова Собрание, туку пред целокупната јавност, посебно пред Албанската.

Едно прашање и до структурите на МРТВ и до власта. Прашањето е многу конкретно, имено зошто последниве две години не се авансирани емисиите на националностите, посебно на Албански јазик. Ние немаме веќе две години никакво авансирање, за разлика од пред неколку години кога имавме состојба, кога имаше вести на Албански јазик три пати неделно на албански јазик, а сега тоа е доведено до состојба три часа дневно емитување. Се прашувам зошто тоа е направено последниве две години, иако би можело да се направи повеќе со оглед дека сегашната структура на власта дејствува на поинакви услови, помалку чувствителни услови, за разлика од пред пет, шест, седум години, кога оваа сфера во однос на Албанскиот јазик беше многу чувствителна сфера. Ако нешто направиле, повторно им давам второ признание, тоа е до крај тероризирање и малтретирање на новинарите и тука им честитам до крај.

На крајот да кажам дека интенциите да се префрлат емисиите или програмите на емисиите на националностите на третата програма е не прифатливо барем за мене, а веројатно и за пошироката јавност, поради самиот факт што не се во прашање само техничките причини за гледаноста, туку е во прашање целта што се сака да се постигне, а тоа е да се деградираат овие емисии.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-динот Кастриот Хаџиреџа.

**КАСТРИОТ ХАЏИРЕЏА:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, имајќи ја предвид информацијата за програмската ориентација на МРТВ со посебен осврт на застапеноста на програмите на јазиците на националностите, јас би се задржал само на неколку точки кои се од посебен интерес за албанските гледачи.

Во информацијата доставена од страна на МРТВ, која како таква е многу бледа, се гледа дека на двете програми кои ги емитува МРТВ дневно, кои вкупно чинат околу 40 часа програма, од тоа само три часа се програма на албански јазик или програма наменета за албанските гледачи. Ако е така, со право се поставува прашањето како може со една таква застапеност да се задоволат потребите на Албанците за културно, образовно, научно или политичко информирање.

Имајќи го предвид токму овој факт, до надлежните во МРТВ би поставил две прашања.

Прво, дали би можеле одговорните да ни одговорат колкав е бројот на албанските претплатници. Според нашите сознанија тој број е многу повисок од 6%, колку што е процентот на застапеноста на програмите на Албански јазик при МРТВ.

Второ, кои параметри или норми ги зела предвид МРТВ кога се определила само за тричасовно емитување емисии на Албански јазик. Ако од секого се бара да ги почитува сите граѓански обврски, зошто тогаш не им се даваат и сите граѓански права. Значи како може да се задоволат правата на албанскиот народ или Албанците во Македонија, кога тие се застапени само со 6% на брановите на МРТВ.

Но проблемот не е само во времетраењето на програмите на албански јазик, туку голем проблем е и квалитетот на тие програми, така што албанскиот гледач во тие емисии на албански јазик, може да си гледа се и сешто, но многу малку има програми што се поврзани со неговата историја, неговата култура или со неговото битие. Проблем е и Редакцијата на албански јазик, каде не се знае кој е одговорен уредник, а таа Редакција не поседува и своја техничка екипа, нема свој камерман, монтажер, техничар и т.н. Но за се и сешто е зависна од волјата на директорот на МРТВ или од волјата на главниот уредник на Телевизијата. Има или нема цензура во програмите на албански јазик. Самиот факт дека таа Редакција не поседува ништо, нема своја техничка екипа, тоа само за себе е еден вид цензура.

Имајќи ги предвид сите овие факти, не било без причина и барањето упатено до ова Собрание многу пати, од страна на албанските пратеници, МРТВ сериозно да размислува за отворање посебна програма наменета за емисиите или програмите на другите народи, што реално се гледа и се споменува и во оваа информација. Но не може една таква програма да се реализира преку третиот канал, кој покрива само 20% од територијата на РМ.

Затоа, треба да се прават сериозни напори за реализирањето на овој проект преку брановите на 11-та програма.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г-дин Данило Глигоровски.

**ДАНИЛО ГЛИГОРОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван директор на МРТВ, во врска со Информацијата што ја имаме пред нас и за која дебатираме би сакала да спомнам една работа која на некој начин ќе изгледа критички. И г-динот Мерсел Биљали пред малку спомна дека некои од пратениците дури и на позицијата во некои работи можат да бидат или се незадоволни. Еве, да речеме јас во овој момент би сакал да се осврнам на едно парче од оваа тема што денес ја дискутираме.

Би се осврнал на покриеноста на теми од внатрешно политичкиот живот на МРТВ и притоа би сакал да искористам една компаративна анализа, затоа што на таков начин би можеле некои од заклучоците кои мисловно можеме да ги изведеме, би ги направиле.

Од 1990 година, од осамостојувањето односно првите парламентарни избори па до 1998 година, на МРТВ - ова е мој личен впечаток, можеби аналитичарите можат прецизни податоци и проценти да кажат, меѓутоа, за време на владеењето на СДСМ, мој впечаток е дека околу 40% од покриеноста на темите во внатрешно политичките теми во РМ беа, застапени на МРТВ, меѓутоа, околу 40% од темите за внатрешно политичкиот живот беа посветени и на опозицијата. Како член на ВМРО-ДПМНЕ повеќе од 40% од информациите за мојата партија ги дознавав, иако извртени, ама ги дознавав во тоа време од МРТВ. Потоа морав да консултирам и други медиуми за да ја составам својата слика. Бидејќи беше фалена во тоа време Владата на СДСМ, за ситните или отворените реклами за самата партија можеби одпаѓаа и помалку од 20%, меѓутоа во голема застапеност се чувствуваше занимавање со опозицијата. Спомна некој од пратениците, најчесто беше критикувана во тоа време опозицијата, сатанизирана и т.н. меѓутоа, сепак беше застапена, нешто дознавав за да можам потоа да споредам со други медиуми. Еве, година ипол од последните парламентарни избори, за време на владеењето на оваа коалиција, мој впечаток е дека на МРТВ околу 70% се фалби за коалицијата, за Владата и т.н. Реклами за коалиционите партнери исто така се можеби околу 20%, критика на некои општествени појави можеби 10%, а колкав е процентот на застапеност на теми со опозицијата. Јас немам слушнато ниту една тема да зборувате нешто за СДСМ. Најчесто, кога вие ја имате уредничката политика, вие давате коментар и тој коментар би бил негативен.

Меѓутоа, немам слушнато никаква тема за СДСМ. Сега, ако ја споредиме гледаноста, гледаноста беше поголема порано отколку сега. Прашањето е зошто? Затоа што настанува монотонија. Вие можете да слушате најдобри работи, меѓу тоа, доколку ја практицирате уредничката политика монотоно, тогаш гледаноста опаѓа. Таа работа ја имаат забележано менаџерите на приватните радио -телевизии во своите телевизиски куќи. Еве, погледнете ги "А-1", "СИТЕЛ" и ќе видите, таму имаме мешање на темите. Навистина, се критикува власта, меѓутоа, е застапена.

Всушност, тоа е и мој апел до раководството на МРТВ да почне да се занимава малку и со опозицијата, нека кажува теми, нека кажува позитивни, нека кажува негативни и нека следи паралелно. Ако тоа го прави, паралелно со тоа, нека ја следи и гледаноста. Мислам дека гледаноста или задоволството од една таква разновидност на покриеност на внатрешно политички теми би била зголемена.

Што се однесува до вториот дел на Информацијата, напорите од страна на раководството на МРТВ за зголемување на квалитетот на емисиите и застапеноста на програмите на малцинствата, ги поздравувам и целокупно ја поддржувам и ќе ја поддржам оваа Информација.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Констатирам дека досега не се пријавиле од пријавените за дискусија Ванчо Чифлиганец и Ѓорѓи Тодоров.

Да ја прашам техниката дали воопшто се пријавиле овие господа? (Не).

При ваква положба, бидејќи досега никој дополнително не се пријавил за збор, прашувам дали уште некој друг бара збор?

Има збор г-динот Петар Гошев.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитувани колеги, јас немам намера многу да зборувам, туку сосема на кратко, затоа што зборовите прилично ми излитеа, затоа што аргументите не допираат, затоа што има секој своја вистина и затоа што се настојува апсолутно да биде елиминирана вистината на другиот, а тоа најмногу се прави преку медиуми, и тоа медиуми кои се нај моќни и нај распространети, како што е еден од примерите МРТВ.

Тоа е така затоа што во нашата држава доминира аргументот сила, исчезнува силата на аргументот и тоа секојдневно, за жал, со целиот негативен продуктивитет на општеството.

Само накусо ќе кажам дека апсолутно сум не задоволен од работата на МРТВ. Ќе констатирам дека МРТВ не е национална, не е државна институција, не е јавен сервис како што е тоа според Статутот, според основачот и според се врз основа на што е формирана! Македонската телевизија, МРТВ за нејзините намени. Таа е национален државен сервис, само според начинот на финансирањето, само според тој услов таа е национален државен јавен сервис. Бидејќи со една јавна давачка определена со закон се финансира МРТВ, само тој критериум говори дека тоа е национална државна институција, јавен сервис на граѓаните на РМ. Според сите други критериуми таа се лизга, бега далеку од атрибутите национална, државна, јавен сервис. Сите други факти говорат дека таа телевизија всушност станува телевизија на една група луѓе, организирани во политичка партија, политичка партија која во моментот е ва власт или политички партии што се на власт, повеќе одговара како политичка партија. Тоа е според кадровската политика.

Бидејќи владеачката партија си именува директор од своите партиски редови, без оглед на дискусиите, ние добро се познаваме кој од тие редови е, зошто е и т.н. Тоа е според кадровските решенија, кои се применуваат во МРТВ. Тука нема влијание никој друг, освен директорот кој што е пратен од таа политичка партија врз основа на политичкото мнозинство во Парламентот и врз основа, се разбира, на концептот на луѓето од врвот на таа политичка партија. Таа е тоа, не државна, не национална, не јавен сектор, според презентацијата на програмите. Таа е тоа според презентацијата на вистина, односно според обидите да се стигне до вистината и до стварноста или до релативната вистина и релативната стварност.

Значи, таа се помалку е јавен државен медиум и тие аргументи може да не бидат прифатени од парламентарното мнозинство од раководството на МРТВ, но со тоа тие аргументи не можат да бидат избришани. И ние нема да бидеме демократско општество, се додека на овој план не направиме нешто.

Има еден голем аргумент за тоа дали успешно се развиваат работите или не, а тој аргумент го дотакна г-динот Данило Глигоровски, тој аргумент се нарекува гледаност на МРТВ. Ако директорот на МРТВ биде проценувам според критериумот на гледаност на МРТВ, тој може да биде оценет како крајно не успешен директор. Како крајно не успешен, затоа што МРТВ никогаш досега не била помалку гледана и никогаш досега не и се верувало помалку на МРТВ, отколку што е тоа денес. Анкети можеби прави раководството на МРТВ, но и ако не прави, јавното мислење јасно зборува за тоа. Ако не верува во тоа, нека направи анкета и ќе констатира колку е падната гледаноста на МРТВ. Инаку нема смисла. Добро, сега аргументот Латас или "Сител" е друго, меѓутоа направете анкета чесна, ние правиме некои анкети и заклучокот ќе биде дека гледаноста на МРТВ е се помала и помала, дека се помалку и се верува на МРТВ.

Тоа е моето мислеше, а се разбира мислењето на некои други може да биде сосема друго и да констатирам дека гледаноста на МРТВ се зголемила. Ако пак

критериумот е некој друг, да што помалку се гледа Македонската телевизија, ако е критериумот што помалку вистини да бидат презентирани на МРТВ, ако што повеќе селектирани личности учествуваат во изнесувањето на мислењата на МРТВ, тогаш директорот на МРТВ е многу успешен директор и ги исполнува целите и задачите на партиската елита на партијата што е на власт, зависи од критериумот кој што е поставен.

Критериумот поставен, служба, во интерес на некои партиски интереси, успешно го остварува денешното раководство на МРТВ. Критериумот јавен сервис на сите граѓани на Република Македонија, кои што ќе плаќаат и плаќаат за финансирање на МРТВ, тој критериум не се остварува, или се помалку се остварува. Тоа е моето мислење и жалосно е што е така, затоа што јас сум еден од тие што редовно плаќаат за МРТВ, меѓутоа, опциите на сите граѓани не може да дојде до израз на МРТВ. Тоа е факт. Сега јас не сакам персонално да зборувам, преку правење на списоци, кои учествува, кој не учествува, кој смее да учествува на МРТВ, кој зошто учествува, кој зошто не учествува, какви дебати се водат на Македонската телевизија, колку критички се проникнува во македонската стварност денеска, бидејќи мислам за сите што малку го следат јавниот живот во РМ, тоа е доволно јасно. И ако вака продолжи со работа МРТВ, верувајте во иднина ќе се создаде огромно незадоволство, кое ќе го доведе во прашање финансирањето на оваа исклучително важна институција, без која, речиси и не е можно. Последици од овој вид, верувајте ќе има, затоа што тие што ја плаќаат институцијата, тие сакаат да биде во нивна служба, не да плаќаат сите, а да биде во служба на нечија еднострана вистина, еднострано видување на нештата во државава.

Еве тоа е моето мислење. Јас му сугерирам на раководството на МРТВ, да направи анкета, да објави и да каже дека тоа што го зборувам како јавно мислење за МРТВ, не е точно. Да објави.

Но да порачате една неутрална, независна институција што ќе го направи тоа, а не партиските анкетни комисии како што тоа обично се прави.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор Рубенс Наумовски.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Не мислев да се вклучам во расправата, меѓутоа очигледно морам да се вклучам.

Пред нас имаме една информација која по моја оцена е соодветната објективните состојби во МРТВ, и од тој аспект е сосема прифатлива за мене. Меѓутоа, низ цела оваа дебата, од страна на опозицијата, како најтешка критика, еве и од последниот говорник, е упатена во форма и во смисла на тоа дека МРТВ, не си ја исполнува задачата од оној основен аспект, сервис на граѓаните или на сите граѓани на РМ. Но, очигледно недостигаше аргументација за ова тврдење. Не видовме никаква аргументација, по однос на обвинувањето дека не е сервис.

Ако секој од нас ја следи, колку може да ја следи програмата на МРТВ ќе биде сведок на следното: сите оние пропишани цели и задачи на МРТВ всушност се реализираат. Нејзината програма содржи информативна програма, програма од културата, програма од спортот, рекреацијата, училишни програми, образовни програми. Значи, ако добро ја следиме програмата на МРТВ, ќе видиме дека имаме застапено содржини и програми од секаков вид. Да повторам: информативна програма, програма од културата, од образованието, од спортот, рекреацијата и политичка програма. Што тука недостасува па да речеме дека МРТВ не е сервис на граѓаните, ако ги опслужува со една конкретна програма како што реков, од секаков вид. Нели не е токму таа целта на МРТВ и на другите телевизиски куќи. Затоа ценам дека со една ваква богата програма, таа токму е сервис на граѓаните на РМ.

Сега по однос на прашањето колку е таа кадровски структуирана, така да ја третираме како да е владина или ТВ куќа на една партија, тоа е прашање, исто така, дискутабилно и сите осуди упатени во тој правец се паушални, како што беше и за програмската определеност и програмските решенија во МРТВ. Нормално на опозицијата кадровските решенија не и подопствуваат, бидејќи тие очекуваат без малку како и во времето на нивното владеење кадровските прашања да бидат решавани по нивни терк. Секоја промена на власта, носи промена и на директорите и на целиот раководен тим во целата куќа па и во МРТВ. Во тој правец добро го зачна проблемот и пратеникот Данило Глигоровски. Ние како позиција што се чувствуваме нешто спротивно од она што го тврди опозицијата. Ние чувствуваме недостаток на политичка програма, што значи критериуми на опозицијата, не мора субјективно, или критизерски, доволно е објективно да биде третирана и опозицијата. Ако направиме споредба со тоа како беше третирана

опозицијата во она време во кое ние бевме опозиција од страна на МРТВ, еве ќе прочитам, бидејќи станува збор за медиум:

Од страна на "Нова Македонија" и "Вечер" како така наречени про владини весници, неспоредливо е, безмалку во секое саботно издание на "Вечер" и "Нова Македонија" ќе прочитате написи за расколи во ВМРО-ДПМНЕ, за кавга во овој општински комитет, за кавга во овој општински комитет. Погледнете ги весниците, како да занемеа сите новинари, а не се променети новинарите. Истите новинари се. Тие новинари, знаеја на мене да ми речат во Охрид, Рубенс што да правиме, имаме порачка од врвот на куќата, од уредникот тој и тој, имаме порачка да пишуваме за ова, за она, имаме порачка да пишуваме за расколот во ВМРО-ДПМНЕ. Јас сега не гледам порачка од уредниците на Вечер или Нова Македонија кај истите тие новинари да пишуваат малку за расколот во СДСМ, Општинскиот комитет во Охрид и во другите општини. Погледнете ги весниците па ќе видите. Значи сосема поинаку е третирана опозицијата од владините весници и оваа МРТВ, за разлика од досегашниот период. Ние буквално бевме гонети и напаѓани најчесто со лажни информации, како што сега впрочем имаме мноштво лажни информации во партиските весници како што е "Утрински Весник", како што е "Македонија Денес" и т.н.

Овде често пати се напаѓа ускратеноста, така да речам и стеснувањето на демократското независно новинарство и објективно информирање. Имаме и те како независно новинарство. Тоа дури и ги замина границите на независно новинарство, премина во необјективно. Сите посериозни весници кои на почетокот добиваа нишан на интересни весници денес се претворија во она што го викаме жолт печат, без никакви критериуми, без ни малку снебивање, нај тешки клевети, недокажани работи и се во конотација, од некои извори се слуша тоа и тоа, за новинарот да ја избегне одговорноста. Ако е добар новинар, нека направи средби со двете или со трите страни кои се засегнати во некои случаи и ќе ги каже барем видувањата и изјавите од трите страни, кои се тие новинари, кои се тие уредници што пуштаат во нивните весници нај непроверени информации и тоа токму во оваа форма, наводно како што слушнавме некаде, како што велиме ние во Охрид - жените на чешма зборуваат се случило тоа и тоа. Добар новинар и добар уредник во весникот пушта само добро проверени информации. Ова малку само за споредба со МРТВ и овие весници како што се "Нова Македонија" и "Вечер". Значи од аспект на опозиција нај искрено и нај одговорно укажувам на тоа дека во редовите на позицијата меѓу нас има незадоволство со Македонската телевизија и овие весници, не се малку по настојчиви во третирањето на опозицијата. Не велам во нивни стил. Доволно е објективно да ја третираат позицијата и ние би биле позадоволни. Ова го зборувам за да укажам на тоа дека нашата МРТВ никогаш не била по демократска, никогаш не била помалку владино обоена. Ако стане збор за независност во информирањето и обоеност во про владин тон, најмалку од било кога е обоена оваа телевизија про владино, за разлика од изминатиот период.

Значи сите напади во смисла МРТВ не е сервис на граѓаните, дека е ТВ на една партија или на позицијата, нај енергично и со сигурност ги отфрлам, бидејќи всушност не слушнавме ни еден аргумент за тоа дека оваа куќа е про владина и не е сервис на граѓаните.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Бидејќи на екранот немаме повеќе пријавени дискутанти, уште еднаш прашувам дали некој бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не се јавува за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на заклучоците што е содржан во извештајот на Комисијата за политички систем, пред да го ставам на гласање, ги повикувам пратениците кои се во другите простории, да влезат и да го извршиме гласањето.

Предлогот на заклучоците го ставам на гласање? Молам да гласаме.

(Реакција од место - кои заклучоци).

Заклучоците на Комисијата за политички систем.

Предлогот на заклучоците што е содржан во извештајот на Комисијата за политички систем, го ставам на гласање.

Процедурално господинот Мерсел Билали.

**МЕРСЕЛ БИЛАЛИ:**

Веќе е гласано и не е добро да се повторува гласањето. Мислам дека заклучоците поминаа и треба да се изгласаат другите заклучоци кои се предложени.

Деловнички немате право да го повторите гласањето.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако е вака, јас се сомневам во резултатите од гласањето.

(Реакции во салата).

Ве молам да гласаме за заклучоците на Комисијата за политички систем.

**РУБЕНС НАУМОВСКИ:**

Бидејќи се сомневам во гласањето, барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дали има 10 пратеници? (Има).

Го молам заменикот на секретарот на Собранието да изврши прозивка за поединечно гласање.

**ЈОСИФ ЈОСИФОВСКИ:**

1. Јонуз Абдулаи - за
2. Абдурахман Алити - против
3. Абдула Алиу - против
4. Милојко Ангеловски - против
5. Стојан Андов - за
6. Кирил Андоновски - за
7. Љупчо Анушев - отсутен
8. Амди Бајрам - отсутен
9. Фадил Бајрами - отсутен
10. Димитар Баткоски - отсутен
11. Мерсел Биљали - против
12. Валентина Божиновска - отсутна
13. Јордан Бошков - отсутен
14. Димитар Бузлевски - против
15. Абдулади Вејсели - отсутен
16. Слободан Гарчески - за
17. Васил Гаџовски - за
18. Михајло Георгиевски - за
19. Трајко Гешоски - за
20. Александар Гештаковски - против
21. Данило Глигороски - за
22. Петар Гошев - против
23. Слободан Даневски - за
24. Замир Дика - отсутен
25. Ванчо Ѓоргиев - отсутен
26. Илија Ѓоргиев - отсутен
27. Фатмир Етеми - за
28. Васил Ефтимов - за
29. Насер Зибери - отсутен
30. Љубисав Иванов – Ѕинго - отсутен
31. Мирко Иванов - против
32. Илија Илоски - отсутен
33. Делче Ицков - за
34. Никола Јованов - за
35. Весна Јовановска - за
36. Марика Јорданова - за
37. Назми Кадриу - за
38. Радомир Карангелески - за
39. Жарко Караџоски - за
40. Митко Киров - за
41. Лазар Китаноски - отсутен
42. Саво Климовски - отсутен
43. Стојан Ковачески - против
44. Ѓорѓи Котевски - за
45. Чедомир Краљевски - за
46. Илија Лазаров - за
47. Горанчо Лазов - за
48. Алириза Лога - отсутен
49. Биљал Љутфии - за
50. Васе Манчев - за
51. Наталија Марковиќ – Димова - за
52. Ѓулистана Марковска - за
53. Диспина Марковска - за
54. Звонко Мирчески - за
55. Драган Митевски - отсутен
56. Илинка Митрева - отсутна
57. Кирил Настески - отсутен
58. Рубенс Наумовски - за
59. Горан Невеновски - отсутен
60. Латиф Пајкоски - отсутен
61. Александар Пандов - за
62. Ванчо Панчев - за
63. Илија Пемов - за
64. Тито Петковски - против
65. Чедо Петров - отсутен
66. Томислав Петровски - за
67. Филип Петровски - за
68. Азис Положани - против
69. Стојан Попов - отсутен
70. Љубомир Поповски - против
71. Никола Поповски - против
72. Илија Прангоски - за
73. Исмет Рамадани - против
74. Љупче Ристески - за
75. Ненад Ристовски - отсутен
76. Нано Ружин - отсутен
77. Илјаз Сабриу - отсутен
78. Аце Сајкоски - за
79. Аслан Селмани - отсутен
80. Борче Сибиновски - за
81. Вангел Симев - за
82. Ристо Спанаков - за
83. Крале Спанчевски - за
84. Ѓорѓи Спасов - против
85. Милан Ставрев - за
86. Наќе Стојановски - воздржан
87. Томислав Стојановски - за

88. Воислав Стојаноски - отсутен
89. Благој Стојковски - против
90. Златко Стојменов - за
91. Владо Сугаревски - отсутен
92. Оломан Сулејмани - отсутен
93. Ризван Сулејмани - против
94. Мухамед Таири - за
95. Александар Талевски - за
96. Мевљан Тахири - отсутен
97. Митко Тилевски - за
98. Ѓорѓи Тодоров - за
99. Ристо Тодоров - против
100. Павле Тодоровски - за
101. Панде Томов - за
102. Коце Трајаноски - за
103. Горанчо Трајков - за
104. Танас Трајковски - отсутен
105. Александар Трпевски - за
106. Борислав Трповски - против
107. Слободан Ќосев - за
108. Илија Филиповски - против
109. Александар Флоровски - за
110. Илјаз Халими - за
111. Благој Ханџиски - против
112. Сејфедин Харуни - отсутен
113. Кастриот Хаџиреџа - отсутен
114. Бранко Црвенковски - отсутен
115. Миланчо Черкезов - за
116. Ванчо Чифлиганец - отсутен
117. Арбен Џафери - отсутен
118. Хисни Шаќири - за
119. Шахиќ Алија - за
120. Радмила Шеќеринска - отсутна

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Вкупно гласале 82 пратеника, за гласале 59, против 23.

Констатирам дека заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за политички систем, се усвоени.

Во меѓувреме, од пратеникот Мерсел Биљали е поднесен предлог на заклучоци, кој ви е поделен.

Предлогот на заклучоците поднесен од пратеникот Мерсел Биљали, го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, 20 за, 2 воздржани и 38 против.

Констатирам дека предложените заклучоци на пратеникот Мерсел Биљали, не се усвоени.

Со ова точката 24 од дневниот ред е исцрпена.

Минуваме на точката 25 - Информација за случајот на војничката патрола, кај селото Танушевци и за случајот на Џавид Хасани.

Информацијата ви е поделена.

Отворам претрес. Молам, кој бара збор?

За збор се јави господинот пратеник Благој Ханџиски.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Почитувани колеги, јас претпочитам, ставовите на пратеничката група на СДСМ и моите лични ставови, во врска со точките, кои ги разгледуваме на дневните редови на пленарните седници на Собранието, претходно, да ги изнесувам на матичните тела.

Меѓутоа, вчера се случи да бидат во исто време закажани седници на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за внатрешна политика и одбрана и немав можност, на седницата на Комисијата за внатрешна политика и одбрана да ги пренесам моите ставови во врска со Информацијата, како што е наречена од страна на Владата, за случајот на војничката патрола и Џавид Хасани.

Почитувани колеги, случаите на војничката патрола и на Хасани, како што се квалификувани во Информацијата на Владата и Извештајот на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, како што е познато предизвикаа огромен интерес во домашната и меѓународната јавност.

Впрочем, како што знаете, некој се потрудил да пресмета дека само со госпоѓата Медлин Олбрајт, во врска со овие настани било разговарано ни помалку, ни повеќе, туку 27 минути.

Практично, нема домашен медиум, печатен или електронски кој не ги коментираше повеќе пати и двата настана.

На сличен начин, настаните беа пропратени и коментирани од повеќе познати светски печатени и електронски медиуми, дневници, неделници и т.н.

Ваквото медиумско покривање на двата, или на единствениот случај, е најдобра потврда на сознанијата дека, се работи за исклучителни настани со огромни последици по мирот и стабилноста на државата, по безбедноста и сигурноста на нашите граѓани, по функционирањето на

институциите на државата, по нејзиниот меѓународен углед.

На тој план, овој настан се разбира, предизвика најтешки последици по угледот на сите структури, задолжени и овластени со Уставот и соодветните закони, за безбедноста на земјата, а пред се, за угледот на Армијата на Република Македонија.

Претрпевме огромни штети, со самото тоа, што овие структури дозволија да се случи, тоа што се случи. Меѓутоа, денеска на домашната јавност на сите граѓани, кои се почувствуваа и повредени и понижени, им е сосема јасно, дека тие штети, по настанот се удвостручија и предизвикаа уште поголеми последици, дополнителни по ликот на државата во целина.

За тоа најголема, можеби и единствена заслуга имаат министерствата за одбрана, министерствата за правда, министерствата за внатрешни работи и Владата во целина, а не медиумите, како што изјавуваат повеќе од министрите и премиерот, на неколку од последните седници на Парламентот.

Во досегашниот мандат на оваа Влада, која со право го заслужи епитетот не одговорна Влада, не само заради бројните гафови што ги направи, туку и заради не одговорниот однос кон јавноста во целина, кон медиумите и посебно и према нас пратениците. Навистина, не сум видел по несериозен однос, кон еден таков сериозен и тежок настан, имајќи ја предвид Информацијата, за која што денеска расправаме.

Веднаш по обелоденувањето на настанот, се отворија десетици, многу сериозни прашања. Прво, дали целиот настан е однапред испланиран и режиран.

Понатаму, дали во планирањето и режијата на настанот учествувале официјални претставници на државата, или како што пред некој ден рече премиерот Георѓиевски, на државниот врв.

Дали нашите војничиња, како што милува, тревожно да каже министерот Кљусев, се испратени на местото на настанот, по така направениот план или не. Дали настанот на границата е поврзан или директно организиран, за да се пушти од притвор Џавид Хасани. Дали нашата патрола е вратена во земјата по завршувањето во наводници, на правната процедура, за ослободувањето на Хасани и дали правосудните органи, надлежни за случајот, ја реализирале таа процедура по сопствена иницијатива, или врз нив бил вршен притисок од државниот врв. Дали во целиот случај, од почеток до крај, бил вклучен лидерот на еден од коалиционите партнери на ДПА, господинот Арбен Џафери. И многу други слични дали и дали.

Нема граѓанин во Македонија на кого не му е јасно, дека овие прашања се исклучително тешки и дека ако останат не одговорени, ќе предизвикаат такви штети по мирот и стабилноста на земјата, по безбедноста и сигурноста на граѓаните, какви што всушност веќе досега, во голем број настанаа.

Тоа е само еден дел од причините, поради кои, беше побарана Информацијата, по која што денеска расправаме. Меѓутоа, токму таа Информација, уште еднаш покажа дека Владата или продолжува со не сериозното однесување, по вакви сериозни настани, или пак, е директно инволвирана во вакви и слични настани. Поинаку, не можат да се објаснат формулациите, кои што стојат во Информацијата. На пример, дека според податоците, со кои се располага, на ден 2.04., патрола на АРМ во таков и таков состав, била упатена во извршување на редовни службени задачи, во контрола на граничниот режим, на дел од државната граница и т.н. Дека околу 5,50 часот, на раскрсницата на патот кон СРЈ Косово и село Долни Клуч, во кој реон државната граница не е одбележана, не е точно, патролата била пресретната и запрена од 30 маскирани и вооружени лица, поставени од двете страни на патот. Дека при средбата, по првиот контакт, била надмината, замислете, конфликтната ситуација и воспоставена комуникација, по што, маскираните вооружени лица, ја разоружале патролата и и наредиле да тргне со нив, во правец на село Мијац, Косово, СР Југославија. Дека со кратки застанувања, околу 13 часот, пристигнале во село Брбулич и т.н. Дека од кога се стемнило, патролата била одведена во селото Корбулич, во некоја куќа и дека од страна на маскирани лица им било речено дека ќе им биде даден мобилен телефон да се јават на своите, дека се на сигурно место. Дека на 3.04., околу 2 часот, маскираните вооружени лица, со трактор ја префрлиле патролата на местото каде што можела да се види караулата на УНПРЕДЕП и замислете, дека притоа, одејќи по пат, на кој што лево и десно имало мински полиња, цело време биле провоцирани од малолетни лица, кои што на одделни места по патот, во мали групи ги провоцирале нашите војници и т.н.

Ваквите формулации не може на никаков поинаков начин да се протолкуваат, освен дека со нив не само што не се даваат одговори на прашањето, или на прашањата во поголем број што беа отворени, туку дека напротив со ваквата информација се отвораат

уште поголем број на прашања, меѓу кои што доминира прашањето која е улогата на Владата на целиот настан и што Владата како прво треба да направи за да се намалат последиците, кои што продолжуваат и понатаму да се редат една по друга.

Мислам дека првата работа што треба да ја направи Владата, е да ја повлече оваа Информација, која што во врска со настанот на граничната патрола се состои од текст кој што е помал од една цела страница и да изготви нова информација во која барем ќе се каже дека се работеше за класичен случај на киднапирање, за да може да се уценува Владата на Република Македонија. И дека преку таа уцена се бараше да се исполнат одредени барања од страна на тие што го извршија киднапирањата. Со оглед на тоа што се врати патролата како што е кажано овде на трети со трактор на потезот на граничната караула. И дека тоа значи дека се враќа патролата во земјата, заради тоа што се исполнети нивните барања, а тие нивни барања може да ги исполни само претставник на Владата или Владата или државниот врв, како што беше кажано овде. Не можеме да расправаме за информација која што има такви далекусежни последици, ако барем тоа што е гол факт едноставно не стои во самата Информација. И затоа сметам дека е беспредметно да расправаме за толку сериозен настан кој што има толку далекусежни последици по угледот, меѓународниот углед на државата, по мирот и стабилноста на државата, по функционирањето на институциите во државата, по мирот и безбедноста на самите граѓани, по тоа како во иднина ќе се развиваат севкупните односи во државата па дури и во регионот, по тоа кои се задачи денеска КФОР ги извршува од другата страна на границата и по тоа што заедно треба да се прави на тој план, едноставно на ваквите десетина реченици нема никаква основа да расправаме за сите тие повеќе слојни последици, кои што можат да произлезат. И понатаму ако остане пред Собранието и ако Собранието усвои за еден ваков сериозен настан една ваква не сериозна, не соодветна од Владата.

**ФАТМИР ЕТЕМИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа пратеници, почитувани членови на Влада, за жал опозицијата во секој случај заедно со некои медиуми ги политизира до крај и случајот на Џавид Хасани го инструментализира за дневно политички интереси. Јас ќе се осврнам повеќе на арогантната кампања на некои медиуми во овие последни две недели, во врска со овој случај. Некои наши новинари за жал се служат со невистини, да не кажам вулгарно, со лаги, спротивно на кодексот на новинарите. Не може некои новинари да лансираат невистини, да ја трујат јавноста со неточни информации. Затоа ние и како Собрание тука сме виновни дека требаше уште од порано да се донесе Законот за јавно информирање и мислам дека треба под итно да се донесе Законот за јавно информирање, како што е во сите западно европски земји, за неточни информации, за лажни информации секој новинар треба да се санкционира и да се казни. Медиумската куќа "Сител" за овој случај лансираше многу невистини и во почетокот отиде толку далеку, Џавид Хасани го поврзуваше со случајот Арачиново, што апсолутно не е точно дека овие два случаи имаа врска, а оваа теза во почетокот ја лансираше посебно "Сител". Да ве потсетам дека на 27.07.1998 година при рушењето на куќата на Џавид Хасани во Скопје од страна на Министерството за урбанизам се случи немилиот настан, каде што е повреден работникот на "МИГ" Скопје, Хасан Далип, по што е распишана потерницата за пронаоѓање на Џавид Хасани. И само Судот е надлежен во какви околности се случил овој настан и да донесе соодветна пресуда. Но, за жал нашите медиуми априори го осудија обвинетиот и тоа употребувајќи многу невистини. Оваа жестока, арогантна кампања на медиумите е да влијае во независното судство на Република Македонија. Не знам, средствата за јавно информирање во чија функција се ставени што вршат притисок врз независното судство. Оваа кампања на медиумите е насочена не само против владеачките партии, туку директно влијае негативно и во меѓу националните односи и не знам како ја доживуваат обичните граѓани оваа кампања. Не би сакал овој случај да го споредувам со случајот на Аце Циганот, кој што беше осуден на 15 години затвор, а знаеме дека извршил многу потешко кривично дело од првиот случај. Ние сите знаеме дека Аце Циганот избега во соседна Србија, сите знаеме дека е таму, но за жал до ден денес тој не се екстрадира. Се знае дека и тој беше ангажиран во изборната кампања на СДСМ, за жал медиумите неговото бегство го премолчеа. За жал медиумите неговото бегство го премолчеа. Значи, имаме сосема други аршини за различни случаи.

Би се вратил пак на случајот на Џевид Хасани. Како што знаете тој е пуштен со гаранција од 200 илјади марки со обврска дека ќе биде достапен и ќе се јави на суд. Според одредбите од Законот за кривична постапка, лице обвинето за било кое кривично дело во тек на истрага доколку

понудил гаранција во парични средства, може слободно во рамките на Законот да биде пуштен и да се брани од слобода, со ветување дека ќе се врати во текот на кривичната постапка се до окончување на кривичната постапка. Тоа е редовна постапка и дозволено со сите наши законски норми. Мислам дека е доволна гаранцијата од 200 илјади марки дека обвинетиот ќе се појави на суд. Тука треба да се истакне дека и бранителот неколку пати јавно се искажа, адвокатот Нуман Лимани дека обвинетиот се наоѓа на територијата на РМ и е во секојдневен контакт со неговиот бранител. И вчера видовме и во медиумите, обвинетиот даде изјава каде што рече дека, неговиот случај е претерано инструментализиран за некои политички цели и кажа дека ќе се појави пред судските органи и ќе ја докаже сопствената невиност. Заради објективно известување на јавноста треба да се знае дека случајот на Џавид Хасани е чисто судски случај, работа на судски органи и на бранителот на обвинетиот.

И на крај би се осврнал и за случајот на војничката патрола кај село Танушевци. Тука треба да се истакне дека граничната линија на тој дел е не обележана, не утврдена, каде што во минатото перманентно имаше влез на војници од Југословенската армија и имаше многу инциденти. Но, не знам колку тогаш нашите медиуми беа активни и колку беа презентирани тие проблеми на тоа население, кога Југословенската армија влегуваше на тој терен. Но, за жал и сега се случи инцидент на одбележаната гранична линија, што е за секоја осуда.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги, Информацијата која што ни е поделена во врска со случајот Хасани е класична дезинформација. Оваа дезинформација е лага од страна на Владата со цел да се прикрие нејзината целосна несмасност, не способност и да ја прикрие сопствената одговорност. Овој обид на овој начин да се објасни случајот Хасани од неговото отпуштање и киднапирањето на македонската патрола ќе влезе несомнено во аналите за обид на политичка манипулација на јавноста во Македонија, кој што всушност ќе покажува како една Влада си дозволила покрај постоењето на бројни документи, да направи таква голема манипулација со македонската јавност и со македонските граѓани. Јас очекував дека Владата во целата оваа ситуација можеби ќе се одлучи за две можни приказни.

Првата приказна е оваа која што денеска ја слушаме од Информацијата и од претходниот говорник, тоа е дека во определен момент одредена патрола на македонската гранична патрола и т.н. навлегла во територијата на Косово во непознат правец, сретнале непознати луѓе, кои што потоа препознале дека се работи за патрола на македонската војска, па потоа ја вратиле таа патрола со среќа и задоволство, затоа што и од едната и од другата страна се наоѓаат пријатели на нашата држава и во целата таа ситуација, бидејќи воделе еден општ разговор како што пишува во Информацијата, им бил даден мобилен телефон, ручек, сето тоа што е потребно и еден куршум за секој случај на враќање и дека всушност тоа е еден инцидент немил, не сакан, не посакуван кој што се случил, а од другата страна пак ослободувањето на г-динот Хасани од притвор спазена е комплетната процедура, која што е запишана во законите и секој обид за поврзување на овие два настана независно од фактите, всушност е обид на медиумите и на опозицијата да предизвикаат наводно албанофобство во Македонија, односно да ја обвинат Владата за учество во некаква трампа и преговарање со киднапери на македонските војници.

Втората варијанта, која што ја очекував и која што мене ми се чинеше многу пореална особено по говорот на премиерот и по она што државните медиуми на некој начин првично реагираа во самиот момент, тоа е дека сепак некоја наводно одметната група на борци на ОВК, заштитниот корпус или како сакате наречете ги на Косово, кои што не се под ничија контрола успеала да киднапира патрола на македонски граничари и во тоа киднапирање едноставно поставиле како услов, истовремено да биде ослободен од притвор Џавид Хасани, дека кога нашата држава како што рече премиерот се соочила со опасноста да бидат доведени во прашање животите на четири наши војници, едноставно решила дека во таквите услови треба да прифати такво нешто. бидејќи најважна цел е да се спасат животите на тие лица, а дека ослободувањето е извршено сепак на начин, кој што дава какви такви гаранции дека тој ќе се појави во Судот. И во таквата приказна просто ќе треба само да објаснат како тоа се случило, што се случило и да го порекнат сето она што претходно го имаа. И во таа приказна верував дека може Владата да започне да ја раскажува меѓу другото, затоа што и весниците кои што секогаш ја земаат во заштита, говореа дека всушност во овој случај Владата на Република Македонија многу хумано

постапила и постапила се во рамките на законот, меѓутоа сепак Хашим Тачи и некои други лидери на Косово, под чија што контрола наводно се наоѓаат и оние кои што не контролирано се однесуваат, треба да и се извинат на Македонија за овој граничен инцидент, затоа што Македонија ништо не направи за тие така да им прават на македонските граничари.

Меѓутоа како што гледате Владата во сопствената ароганција се определи и натаму да тврди дека меѓу овие два настани нема било каква поврзаност, туку дека имаме еден граничен инцидент, за кој што Врховниот командант не знаел, изјавува дека немал никакви информации, претседателот на државата и кој за таа цел ги известува, разговара со г-ѓата Медлин Олбрајт и со командантот на КФОР, бара подобро да биде обезбедена нашата граница, а од Медлин Олбрајт бара да му даде информации за разјаснување на случајот, бидејќи очигледно дека нашите служби се неспособни за тоа.

Од друга страна имаме еден премиер, кој што вели дека тие два случаи воопшто не се поврзани, меѓутоа и ако биле поврзани, тогаш тој така би постапил како што и постапил во случај да бил уценет, во случај на киднапирање на војниците. Имаме од трета страна еден лидер на политичка партија и пратеник овде г-динот Џафери, кој што дава изјава дека тој располага со сите релевантни информации, меѓутоа нема намера да ги супституира информациите, кои што треба да ги дадат надлежните органи.

Меѓутоа, за жал македонската политичка јавност созрева, "македонските новинари сепак не остануваат секогаш само на информациите што можат да им ги дадат надлежните органи за таа работа и секогаш се обидуваат да истражуваат во рамките на случаите за кои што пишуваат. И сега во Македонија од прилика имаме еден ваков редослед на информации.

Прво, факт е дека од денот кога Хасани е екстрадиран по налог на Бернард Кушнер со писмо во кое што пишува дека тој претставува опасност за безбедноста и јавниот ред и мир на Косово, писмото со кое што е екстрадиран во Македонија, врз него постои силен притисок во Косово, уште кога е притворен таму со намера да биде екстрадиран, постои притисок да не биде екстрадиран во Македонија. Познато е и тоа дека на денот кога требаше да биде екстрадиран во Македонија беше блокиран патот од Витина до Блаце, од Урошевац до Блаце и истовремено имаше луѓе кои што протестираа со пароли со кои што бараа тој да не биде екстрадиран во Македонија. И меѓу другото познати се отворени закани од страна не некои структури во Косово дека доколку биде екстрадиран, дека ќе биде направен обид за негово ослободување преку киднапирање на гранични патроли, заземање на гранични караули киднапираше на полицајци или киднапирање на македонски граѓани. Таквите информации беа веројатно достапни и за македонските органи на безбедноста и за македонските воени органи. Меѓутоа никој ним сериозно внимание не им обрнуваше. Се случи непосредно по сета таа работа да имаме информација со големо задоцнување, дека е киднапирана една македонска гранична патрола, за кое што постоеја несомнено различни информации, прво од министерот за одбрана кој вели дека патролата е задржана само 5 часа, па потоа е задржана 12 часа, па дека е за&ржана 24 часа, па се до приказната која што е изнесена во оваа Информација дека, е киднапирана во 5,30 часот од страна на непозната група од 30-тина луѓе кои што ја дочекале на граничниот премин на македонска територија, ја воделе пешки во територијата на Косово 7 часа, па потоа ја однеле на некое друго место каде што преспале и т.н. Донесена е утредента, изутрината во 2,00 часот според оваа Информација и бидејќи пешки одела од изутрината во 2,00 часот до 7,30 часот на наша територија, преку мински полиња кои што не биле добро одбележани, едноставно ги закачале некакви мали деца, меѓутоа немало некакви поголеми инциденти. Ноќта меѓу 2,00 часот и 7,30 часот мали деца се шетаат на тој простор и ги провоцирале нашите граничари кои што ја минувале границата, кои што доаѓале накај дома само со еден куршум. Никаде во таа Информација не станува збор за понижувањето што го доживува Македонската армија, ниту никаде не станува збор во таа Информација за безбедноста на нашата граница, никаде во таа Информација не станува збор за одговорноста дури и на министерот за одбрана, никаде во таа Информација не станува збор за загриженоста на родителите, кои што имаат деца на таа граница и кои што сега се таму и треба да па чуваат.

Напоредно со таа Информација е јавено дека баш токму во тоа исто време нашиот истражен судија донесува одлука да биде ослободен г-динот Џавид Хасани од затворот и да му биде овозможено со одредена кауција да си замине на друга територија. Не е важно што информациите говореа меѓу другото дека, тој веднаш после тоа заминал во Витина и таму му е приреден меѓу другото срдечен дочек, во чест на неговото ослободување од Македонија. Она

што никој не го споменува, го споменува во сопствената информација Врховниот суд на Македонија, дека сепак постои едно писмо. Замислете во една ваква ситуација кога Парламентот расправа за една таква информација, чија што содржина и натаму останува од строго доверлив карактер, а во кое што писмо јавниот обвинител и основното јавно обвинителство на Скопје Ѓорѓи Настевски му пишува на истражниот судија Горан Бошковски дека, треба да биде прифатена кауцијата како услов за ослободување од притвор на Хасани, заради тоа што се во прашање 4 животи на македонските војници.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:** (Продолжение)

Тоа е директна потврда дека е извршена трампа, практично дека македонската Влада влегла во преговори со киднаперите, ги прифатила нивните услови и дека тоа била единствената причина заради која во таков краток рок, во текот на саботата и неделата, кога обично тие органи не работат, се случува да се донесе под итно една таква одлука и тој да се најде таму каде што се наоѓа.

Она што е исто така многу интересно за целата јавност, во која се обвинуваат весниците дека прават некоја политичка хистерија, тоа е дека токму тие војници, нивните имиња можевме да ги разбереме само од оваа информација, за прв пат и тие се досега недостапни за разговор со било кој новинар, со било кој пратеник, за да слушнеме што е тоа што навистина на нив им се случувало.

Меѓутоа, од весниците можевме да разбереме дека тие војници ги посетил амбасадорот на САД. Врз основа на целата оваа приказна, станува сосема јасно дека всушност Владата на еден многу несмасен начин се обидува да ја измами јавноста, да ја изманипулира јавноста во тоа дека меѓу овие два случаи не постои

било каква поврзаност и да ја испере одговорноста за сопствената вклученост во еден ваков случај.

Прво, сметам дека сето ова што ни се случува ќе има несомнено големи последици за Македонија. За мене киднапирањето на војници од Македонија говори за слабата безбедност на македонската граница. Киднапирањето на војници, независно од тоа што премиерот е многу среќен што не ни биле вратени во лимени сандаци и т.н., не е нешто што треба него да го прави многу среќен, ниту пак сите нас особено среќни. Напротив, киднапирањето, стресот кој тие го доживеале, одењето по мински полиња предизвикува и едноставно бара голема одговорност од сите оние кои треба да водат сметка за безбедноста на нашите гранични патроли.

Тоа е нешто со несомнено ќе предизвика дополнителен страв кај сите родители, кои имаат деца што треба да ја чуваат нашата граница.

Второ, фактот што претседателот на државата или врховниот командант изјавува дека немал информација за еден таков многу важен настан говори за тоа дека некој него го чува во информативна блокада и човекот: рече доколку тој дознае дека имало трампање и дека некој е одговорен за тоа, тој директно ќе порачал апсење на таквите, што се надеваме дека кога ќе се разјасни целиот случај и ќе го исполни тоа ветување. Фактот што тој бара од КФОР да ја гарантира безбедноста на границата на Македонија и командантот на КФОР упатува на тоа дека сепак не постојат доволно сили ние сами да ја браниме границата, а фактот што истовремено бара од госпоѓата Олбрајт да му помогне во разјаснувањето во овој случај, очигледно, за него барем како врховен командант, овој случај не е разјаснет, па му се потребни информации, затоа што и самиот веројатно нема доверба во ваквиот вид на информации какви што му се доставуваат.

Македонија по низата скандали што се случија од страна на оваа Влада, влегува во уште еден скандал, кој што се нарекува преговори со киднаперите. Тоа е Влада што не само што се обидува на овој начин да ја излаже и изманипулира сопствената јавност, туку се обидува да затскрие дело кое што е многу казниво, а тоа е преговарање и подлегнување под уцена на киднаперите.

Третата работа е, последицата од ова е дека имаме суд кој несомнено ги прифатил таквите сугестии од државниот врв, да издаде таква практично ослободителна одлука, врз основа на тоа дека е сугерирано дека е уценета македонската Влада и на крајот на краиштата сето тоа говори дека ние во Македонија имаме навистина прилично хаотична ситуација, која Владата и власта не ја контролираат. Сите приказни околу тоа дека овој случај е вешто искористен од опозицијата да се нападне власта или вештачки да се предизвикаат меѓуетнички тензии, мислам дека паѓаат во вода. Не е важно за кого се работи, не е важно дали ова е направено специјално за некој господин Џавид Хасани, независно каква е неговата етничка припадност, ние имаме практично една ситуација во која Владата влегла во преговори со киднапери, каде меѓу киднапираните колку што ми е познато имало еден друг Албанец и влегла во ситуација

еден наводно поважен Албанец да биде трампан за еден наводно помалку важен Албанец.

Според тоа, не се работи за тоа кого ние тука заштитуваме или како заштитуваме и дека од сето тоа сакам да создадеме некаква атмосфера на страв и непријателство во однос на заплашеноста на Македонија, од страна на некакви структури на Косово, меѓутоа факт е, ако има таму киднапирање на наши граничари и ако тие непознати групи на граничари и ако има толкав степен на совпаѓање меѓу враќањето на таа патрола и истовремено ослободувањето на овој, по сите приказни, херој на тие Албанци што живеат таму, очигледно дека работите говорат против ваквата приказна што ни ја раскажува Владата.

Време е оваа Информација да се повлече. Таа всушност е само повод да се отвори дебата по овој случај и Владата навистина да излезе со целата вистина, да го признае својот дел од одговорноста за тоа што се случува, да ја изведе одговорноста на оние што се нај заслужни во целата таа работа. Ако тоа бил целиот државен врв, нека признаат дека целиот државен врв преговарал, како преговарал и што преговарал и да ни даде точна информација за сето она што е потребно.

Истовремено, му предлагам на Собранието да ја симне одредбата "државна тајна" од писмото, со кое всушност обвинителот бара од истражниот судија да биде ослободен господинот Хасани, врз основа на тврдењето дека четири млади животи се наоѓаат во опасност.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му давам збор на господинот Хисни Шаќири.

Господине Спасов, вие употребивте термин за ослободување. Мерката притвор не е казна, туку е мерка на безбедност и ако таа се изменува, се изменува само да биде за присутност пред судењето. Никој никого во оваа држава не ослободува од одговорност.

Затоа ве молам ако не правите разлика меѓу термините ослободување и укинување на мерка на безбедност, тогаш не ги употребувајте, тука кога говорите за, снага и за достојност, да говорите за јавно информирање, во тој случај ова сега ви го земав како вие да вршите пропаганда, која нема основ.

Тоа е моето мислење, бидејќи не можам да се јавам за реплика ова го користам овој пат.

Господине Шаќири, повелете.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Дами и господа пратеници, господине потпретседателе, навистина се работи за сериозен случај и многу сериозно и свесно се решил овој проблем, со учество на сериозните луѓе. По мое мислење е така.

Случајот околу киднапирањето на четворицата војници на АРМ и случајот Џавид Хасани предизвика голема заинтересираност и кај медиумите и кај политичките партии во Собранието и надвор од Собранието. Особено тука веќе гледаме дека најголем е интересот на опозицијата, во конкретниот случај зошто да не кажам и тоа, интересот на СДСМ во конкретниот случај нешто да направи за да добие политички поени. Ние знаеме кога се работи за интересот на државата, тука треба да бидеме многу сериозни и да водиме сметка што правиме, а во конкретниот случај мислам дека и медиумите и дел од опозицијата воопшто не води никаква сметка. Со едно напорно однесување околу овој случај и нешто што по мое мислење е доста тенденциозно, овој случај се претворил во една што според мене не беше потребна, ниту гледам дека тука имаше некој интерес на државата.

Зошто се прави ова и кои се причините, за нас е сосема јасно дека во конкретниот случај од одделни пратеници, зошто да не кажам и за дел од медиумите, воопшто не се води сметка за интересот и авторитетот на државата. Во конкретниот случај не се во прашање партиите на власт, бидејќи тука во многу наврати беше спомната и ДПА и лидерот на оваа партија. И членовите, и целата структура на ДПА се државјани на оваа Република, граѓани и државјани на оваа Република. Моментот го бара за да биде решен овој проблем да се вклучат сите сили, прогресивни сили и некако да се надмине овој проблем без никаква болка, а мислам дека така е решен. Некој го ставил во прашање авторитетот на одбраната на Република Македонија и некои други работи што по мое мислење сите овие дилеми изнесени од оваа говорница не држат, не се толку сериозни. За мене беше многу сериозно прашањето да се спасат животите на четирите војници. Ова да не го примаме со некое големо изненадуваше. Пред една година, минатата година беа киднапирани од нашата територија исто така војници од НАТО алијансата. Сега зошто да не го поставиме истото прашање во конкретниот случај и тогаш во тој случај, ние како држава од страна на НАТО алијансата требаше да сносиме одговорност. Дали беше некој виновен околу тој случај? Јас сметам дека не.

Во конкретниот случај, зошто се бара и толку се инсистира да се побара одговорност од владеачките партии, од Владата на РМ. Зошто се инсистира? Да поставиме едно хипотетично прашање, да сте биле вие на власт, кои со жестока критика се однесувате кон ова прашање, што би било решението. (Им се обраќа на пратениците на СДСМ). Мене ме интересира и од вас тоа сакам да го слушнам. Јас мислам дека Владата многу паметно го решила овој проблем.

Околу случајот Џавид Хасани, исто така човек, граѓанин на оваа држава, за кој е докажано дека е чесен, меѓутоа во 1998 година му се случил инцидент и тој не го сакал тоа. Јас сум сосема свесен, секој нормален човек граѓанин на оваа држава, не посакува ниту инсистира такви инциденти. Меѓутоа, за жал тоа му се случи. На целата личност на господинот Хасани, да се оцрни, да се прогласи дека се работи за терорист, дека се работи за таков човек, а јавноста не го знае како човек таков што ние го знаеме, тоа е манипулирање на јавноста и дискредитирање на власта, што не и оди во прилог на државата и власта. Тоа треба така да се сфати. Зошто сега се инсистира на нешто што не е реално од страна на одделни луѓе, од страна на медиумите што се контролирани од страна на опозицијата. Дали авторитетот на Република Македонија е нарушен токму од овие луѓе или од решавање на случајот без никаква болка? Јас така сметам и ние денес немаме информации дека е направено нешто надвор од законските норми. Хасани беше ослободен со кауција. Хасани вчера се појави и видовме дека е тука во Република Македонија што значи дека ги демантира сите изјави од одделни пратеници, дека тој не е тука во Република Македонија. Многу одговорно се произнесе дека дента кога ќе ја добие поканата да се јави во судот, тој ќе се јави, бидејќи тој сметам дека не е виновен како што други сметаат, меѓутоа, за оваа работа ќе одлучи судот. Зошто сега некој однапред прејудицира некои работи, дека тој е терорист, дури има квалификации дека тој претставува ризик и во границите на Косово, што не е точно. Тој е многу респектиран човек на Косово, тоа треба да го знае секој, а и кај нас од голем број. Меѓутоа сега е направена една многу лоша услуга кај граѓаните што голем број од нив не знаат кој е господинот Хасани. Јас реков на секој нормален човек може да му се случи тоа, но без да констатира судот, некој да го прогласи дека е терорист, се работи за човек кој треба - па дури од оваа говорница се побара на индиректен начин да му се сече и главата. Бидејќи такви беа изјавите и произнесувањето на одделни пратеници во ова Собрание, тоа е надвор од сите тие процеси на демократија.

Исто така, тука гледам една слаба точка кај опозицијата и исто така и опозицијата треба во наредниот период во својот политички жаргон да го отстрани, според мое мислење. Кога е во прашање државниот интерес, не треба многу да се манипулира со вакви работи, бидејќи тука нема корист ниту опозицијата ниту позицијата. Во конкретниот случај кога бевме многу заинтересирани за оваа работа, како ние да сакаме да премолчиме, што не е вистина. Да знаете дека од чесни граѓани ништо не сте добиле. Да знаете дека нанесовте голема штета во врска со угледот на Република Македонија, било на внатрешен било на надворешен план. Ваквите работи не треба така да се толкуваат политички, луѓе кои имаат искуство во политиката тоа не го прават, па дури да кажам и аматерите тоа не го прават.

За тоа јас мислам дека и во врска со Информацијата треба да бидеме многу по критички и по реални. Не знам каква информација ние можеме да добиеме за овој случај. Да побараме информација според констатацијата на поедини пратеници или според некои медиуми од опозицијата, мислам дека не е од интерес на ова Собрание.

Уште еднаш го повторувам тоа дека проблемот многу елегантно се решил, но се решил со сериозни луѓе кои имаат одговорност кон оваа држава, не со луѓе со демагогија кои се однесуваат за секој случај за секој интерес на оваа држава.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Радомир Карангелевски.

**РАДОМИР КАРАНГЕЛЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, почитувани претставници на Владата. Јас во мојата дискусија нема да тргнам од шпекулациите кои претпоставувам се можни во ситуација, кога информирањето на јавноста е недостапно конфузно или доцни.

Јас во мојата дискусија ќе се осврнам на три точки, она што е предмет на нашата работа во Парламентот, а тоа се информациите што се дадени на јавноста. Информацијата од Владата што овде ја имаме и заклучоците од Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Очигледно дека овој сериозен настан не заслужи поголемо внимание на делот што требаше Владата или соодветните

министерства да го подготват како информација и очигледно е дека во една таква ситуација на недостаток на информации се создаде голема тензија, бидејќи се работи за неколку важни аспекти, а тоа е пред се загрозеноста на животите на младите војници припадници на нашата армија од една страна, понатаму угледот на земјата и пошироко безбедноста на границата на РМ.

Зошто велам конфузија, доцнење и недостаток? Затоа што како што изминуваше времето ние добивавме некои понатамошни информации, што сметам со оглед на тоа што ова Собрание побара ваква информација, требаше сите институции и органи во државата да бидат консултирани за една сеопфатна информација.

Кои се тие информации кои дополнително ги добивме? Тоа се информацијата од Врховниот суд, понатаму неколку изјави и во медиумите и на комисијата кои се разликуваа од претходните на министерот за одбрана и нормално оваа ситуација со писмото што Обвинителството е испратено до истражниот судија.

Дискутирајќи за информацијата на Владата јас можам да кажам дека е таа фактографска, технички не дава одговор на овие аспекти што ги спомнав, кои требаше да се врзат едни со други и дефинитивно на еден нормален начин да се информира и Собранието и јавноста и не само да претпоставувам и сигурен сум дека сите тие тензии и окупираноста на сите медиуми во државата немаше да дојде до таква точка на вриење во овој случај, доколку тоа правовремено и сеопфатно со надеж. Од друга страна комисијата по оваа информација даде заклучоци, тоа се 6 заклучоци по кои ние нема да гласаме, затоа што заклучокот бр. 1 и бр. 3 на некој начин не се прифатливи. Кои се тие заклучоци јас ќе ги прочитам, а сметаме дека 6 заклучоци не се доволни, би требало уште еден да се додаде. Од тие причини ние како пратеничка група ќе гласаме воздржано. Зошто? Затоа што некои заклучоци се добри.

Првиот заклучок, дека Собранието ја разгледа и усвои информацијата на Владата на РМ за случајот со војничката патрола во с. Танушевци и за случајот Џавит Хасани, не соодветствува со она што го изнесов во дискусијата.

Исто така и третиот заклучок кој што се состои од два става.

Првиот став - Собранието оценува дека не постои никаква поврзаност помеѓу грабнувањето на војниците во случајот на Џавит Хасани. Тоа во информацијата го нема и мислам дека не е работа на Собранието да донесува вакви оценки, туку едноставно требаше да се произнесе и да предложи одредени мерки.

Исто така недостига уште еден заклучок од овие шест, кои понатаму ќе ги афирмирам некои што се добри во заклучоците од матичната комисија. Недостига и еден заклучок во смисла на превземање мерки за да не доаѓа и понатаму до вакви настани, непријатни настани на нашата граница, без оглед за која држава се однесува.

Нормално позитивни работи се тие што Собранието го осудува настанот за грабнувањето на војничката патрола на АРМ, оценува дека е потребно Владата на РМ да ги забрза активностите за одбележување на државната граница на РМ и СРЈ.

И петиот заклучок Собранието укажува дека е неопходно да се превземат сите потребни мерки за целосно и ефикасно обезбедување на државната граница на РМ. Притоа посебно ја нагласува потребата Владата на РМ и надлежните министерства да ја обезбедат границата спрема СРЈ. И со непосредна координација и соработка на КФОР со што би се оневозможиле нелегални поминувања и вршење на други нелегални дејствија.

Мораме сите да признаеме дека големо олеснување е вчерашното појавување на Џавит Хасани на ТВ и сите оние шпекулации и инсинуации на некој начин се анулираат, дека имало трампа или не знам кои други работи, што не можеме ниту децидно да заклучиме, ниту тоа, сметам дека, според сите овие информации што ги поседуваме, може на некој начин да се заклучи.

Мислам дека тоа е не само олеснување, туку и релативизирањето на целата тензија со појавувањето и ветувањето на Џавит Хасани дека ќе се појави на она рочиште кое што веќе е планирано, дава една надеж дека сепак во РМ имаме спроведување на правото, дека тоа право ќе се спроведува и ќе се почитувани и дека и тоа на некој начин го покажува сегментот дека правната држава функционира.

Со ова јас би заклучил и уште еднаш потенцирам со едно појаснување, зошто пратеничката група на ДА ќе гласа воздржано по заклучоците направи динстинкција помеѓу тие што се прифатливи и добри и тие што фалат, односно двата заклучоци за кои мислам не содејствуваат на реалната слика.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Има збор г. Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, претставници на Владата.

Посебно го поздравувам отсуството на претставниците на позицијата, водечките партии, кои самите очигледно се засрамени од целата оваа ситуација и јас потполно ги разбира.

Овие денови навистина беше исправена пред еден многу сериозен проблем како држава, како политички систем, како Влада посебно, при што навистина е нанесена огромна штета на државата и јас ќе почнам од тука, меѓутоа не е нанесена штета од страна на медиумите и опозицијата, туку е нанесена штета од носителите на власта во РМ.

Овој случај навистина има многу аспекти. Некои од нив беа кажани во минатите денови по некои други поводи Јас денес ќе се обидам да ги сублимирам со тоа што како додаток на ова тврдење, ако некој нанесе штета на оваа држава, тоа и го нанесе актуелното државно раководство, а тоа го покажува и отсуството на двајцата министри, кои денеска не се присутни во оваа сала, министрите за одбрана и за правда, а овде се споменува несреќното киднапирање исто така на американските војници, кои Клинтон ги пречека и кога цела американска јавност беше ангажирана околу тоа срамно дело, а сега водиме парламентарна дебата, а ги нема двајцата клучни министри и некои други министри во Владата на РМ. Еве таков е односот на државата спрема Парламентот, односно спрема угледот на РМ.

Ќе почнам со тоа што ќе истакнам дека од самиот почеток станува збор за едно договорено дело, затоа што носителите на власта најнапред избегнуваа да ја соопштат вистината на јавноста, потоа даваа контрадикторни изјави. Понатаму премиерот индиректно призна во овој Парламент дека, раководството било вклучено во замената на киднапираните војници за Џавид Хасани и најдобар пример за договор, ако ги следиме настаните, тоа е што војниците се пуштени во 7,15 а Хасани во 16,30 часот. Значи се чекало да се изврши таа размена.

Инаку ако немало договор, војниците биле во РМ, биле безбедни и немало потреба од пуштањето на Хасани.

Најнапред се тврдеше дека војниците биле залутани. Првата информација беше таа. Војниците се нестанати, не знаеме што се случува со нив, а во информацијата на министерството се вели дека маскирани лица, она што беше кажано од медиумите и од опозицијата ги пресретнале на начин кој веќе е познат на јавноста, и тоа со нив се воделе општи разговори. Значи разговарале веројатно за стопански теми, културни прашања и т.н. Потоа војниците биле пуштени и тоа во 2 часот ноќе, при што деца ги задевале, не знам што правеле децата во 2 часот ноќе тоа не ми е јасно и на крајот, војниците не биле физички нападнати и биле пуштени. Сега внимавајте, имате киднапирање на четворица припадници на една армија на суверена држава, се чуваат околу 25/26 часа, никој не бара. Ако се криминалци 6и побарале пари. Не побарале пари. Ако се работи за политичка туристичка група, веројатно би поставиле политички прашања за признавање на некоја, да речеме паравоена формација. Нема никакви барања и војниците се пуштаат. Ве молам такви наивни тези и не проаѓаат никаде, посебно во земји, сметано и Република Македонија, каде што веќе постои политичка култура. Значи војниците едноставно биле на прошетка низ Косово. Така излегува од ставот што го сугерира Владата.

Ако ги следиме изјавите за контрадикторноста, што внесува големо сомневање за државниот врв, би почнале на пример од граѓанинот Борис Трајковски кој вели дека, не знаел за настанот. Внимавајте, врховен командант на вооружените сили не знаел за настанот. Тоа значи, или премиерот не го информирал, или министерот за одбрана, што значи дека државниот врв не функционира. Во исто време г. Арбен Џафери вели дека има милион информации. Значи претседателот Трајковски нема, еден член на Парламентот има. Тоа е многу симптоматично. Ако Борис Трајковски немал информации веднаш треба да побара смена од неколку министри, пред се од министерот за Внатрешни работи и министерот за одбрана и да го разреши директорот на Агенцијата за разузнавање, ако немал никакви информации кои веќе ги имале во Владата.

Едно што е симптоматично вели дека во иднина за такви случаи ќе се залага да се казнуваат актерите. Значи за овој случај нема да се залага, а за идни случаи ќе се залага да се казнуваат, што зборува дека и тој на некој начин бил запознаен со целата ситуација.

Премиерот Георгиевски во првата недела избегнуваше да даде било каква изјава за случајот. Значи седум дена бевме сведоци кога не даваше никаква изјава за медиумите, ниту се појавуваше во Парламентот. Првата изјава што му беше е дека било попаметно да се спасат војниците отколку да се вратат во лимени сандуци.

Една многу непријатна изјава. Значи после седум дена тој заклучува што е подобро. И на крајот бевме сведоци во Парламентот, кога фактички призна дека имало трампа.

Министерот за одбрана. Во првата изјава на Министерството беше речено дека војниците биле задржани само неколку часа, не знаат од кои причини. Потоа, токму во Парламентот, на ова исто место министерот Кљусев рече дека биле задржани 10 часа, а јас тврдам дека биле задржани 25 часа. Од информацијата која деновиве ја добивме произлегува дека биле задржани 25 часа.

Министерот за правда Џевдет Насуфи во Парламентот изјави дека не го посетил притворениот Хасани, ги имам стенографските белешки, а г. Џафери вели дека го посетил г. Хасани.

Се вели дека немало притисок врз правосудните органи, го употребувам општиот поим, меѓутоа следи информацијата на Врховниот суд дека, постои доверливи писма, велам писмо, затоа што не ја знам содржината, не знам од каков карактер правнички е дописот со кое фактички се наложува. Се сугерира, не знам, во секој случај во таа смисла е писмото, со кауција да биде ослободен г. Џавид Хасани, кој инаку нема поим за целата оваа работа, иако е посетен од министерот Насуфи, веројатно и од други личности, за да се спасат или да се спаси ситуацијата со четирите припадници на армијата на Република Македонија.

Сега кога ќе ги споите сите овие работи станува јасно како функционира нашата држава. Функционира на начин кој не само што значи паѓање на угледот на оваа држава. Паѓање на персоналниот состав на Владата, не само на оваа држава. Тоа значи дека оваа држава не може да си ги контролира сопствените политички институции. Едни тврдат дека нешто знаеме, други дека не знаеле, едни велат дека првите знаеле нешто, на крај она што се тврдеше во јавноста се покажува како точно, а нај одговорните кои ги водат ресорите и кои имаат уставни ингеренции дури после 7 до 10 дена, практично го потврдуваат тоа што го знае целокупната македонска, па дури и меѓународна јавност, како што беше случајот со информацијата на Дојче Веле. Сега се судираме со еден нов политички феномен во РМ. Еве во што се состои тоа.

Најнапред, во Македонија за првпат се констатира дека постојат две лица со името Џафери. Сега две лица со името Асани, овој нема врска со Косово, нема врска со никакви други случаи, а инаку потерницата е распишана од КФОР на Косово. Сега, во иднина би требало да имаме четворица Тачер, бидејќи сега еден е на Косово па по 2, 4 ќе се појават во некоја следна ситуација. Значи се мултиплицира. Тоа може да биде и кај некои македонски политички ситуации и т.н. Така да тоа е еден нов феномен кој со ова појавување на некој си Асани, кој не е тој Асани што беше учесник во формациите на УЧК, а за кој можете да си прашате во Командата на КФОР, ќе ви кажат, имате пријатели во УЧК, тие што имаат пријатели, некој нема и што е интересно.

(Реагирање на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ).

Јас знам дека вистината е непријатна, меѓутоа се работи навистина за една сериозна работа.

И што е симптоматично, што е индикативно? Припадниците на Армијата не беа достапни за новинарите. Прашање е зошто не беа достапни и зошто беа криени практично. Веројатно тие би ја кажале правата вистина, а мислам дека е непримерно за една држава, без разлика што имаме пријателски односи со многу земји еден амбасадор да има средба со претставници на нашата армија пред да има такви средби, или да биде тоа во јавноста обелоденето, од новинарите, можеби пратениците од Комисијата за одбрана да разговараат со тие војници, да видат за што се работи. Тоа не зборува добро прво и прво за нашата држава, тоа е многу лош преседан.

И гледајте што е интересно исто така.

Во исто време четворицата војници не се знае каде се, Асани кој вели дека нема врска со целата оваа ситуација исто не се знае каде е и се појавува конечно некој си Асани, како режија на целата оваа ситуација за да се спаси ситуацијата во која западна Владата. Во една тешка кал и фактички целиот случај сака да го претвори во една фарса. Во една фарса, меѓутоа која може да ни се удри од глава на сите нас. Многу е лошо да се прават комплоти со криминогени структури.

Јас и минатиот пат за тоа зборував, зборував за криминогени структури кои се опасни и за Албанците и за Македонците во Република Македонија. Ве молам дефинитивно да се расчисти со тоа, да се прави динкстинкција помеѓу она што значи политика во Република Македонија и градеше на граѓански односи во сузбивање на криминалот, бидејќи еден ден можеме да станеме сите заробеници на овој криминал.

И да завршам, ако некој е киднапиран во оваа ситуација тоа е Владата на Република Македонија. Во политичка смисла таа е киднапирана и уценета што се

довела во таква ситуација да преговара за ослободување на лице осудено за криминал. Знаете, кога ќе дојдете во такви води потоа тешко се излегува. Ви паѓа цената, паѓа угледот на државата во целина и многу работи можат да се изместат од уставната и законската точка.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Благодарам г-дине Китановски, тоа е ваше видување за целиот настан.

Господа пратеници, од протоколарни причини ќе ја прекинам седницата, а ќе продолжиме во 17,30 часот.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот).

(Пауза од 16,10 часот).

По паузата. (Седницата продолжи со работа во 17,45 часот).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Продолжуваме со работа.

Има збор г-динот Замир Дика.

**ЗАМИР ДИКА:**

Јас ќе бидам многу краток.

Мислам дека овие случаи повеќе беа од неофицијални информации изнесени во јавноста, во медиумите дека наводно постои поврзаност помеѓу двата случаи. Тоа иако не беше официјално образложено и доставено како документ, сепак дојде до тоа од Владата да се бара информација, која е добиена. Информацијата е кратка и мислам дека е добро што таа е кратка. Не знам на што се должи оваа информација.

Во медиумите се прават конструкции од неофицијални извори, тајни извори, од некои аргументи извадени од сенка, па оттаму се градат аргументи, дури се доаѓа до тоа да се гради и мислење и ние како Парламент да дискутираме по информација на Владата за наводно спојување на тие два случаја. Сега што ќе правиме ние како пратеници кои се произнесуваме по оваа информација и потоа наводно поврзување на двата случаја, визави институциите на системот. Мене повеќе ме вчудовидуваат коментарите особено на позицијата кои се најголеми заговорници на респектирање на нејзиниот поредок во земјата и на правните институции.

Што се однесува на случајот на Џавид Хасани правно случајот е многу чист, нема никаква правна забелешка, а што се однесува до коментарите и вештачкото мнение што се конструираше последниве денови и тоа се демантираше многу јасно и се виде дека Џавид Асани е во Македонија, во Скопје и спремен е да се брани додека неговата виновност не се докаже на суд. Сега што ќе кажеме ние или оние што напишаа за тоа наводно спојување на двата случаи, или што се проблематизираше една личност во медиумите, што ќе кажат тие медиуми и тие лица што го заговара ова. Ќе кажат ли извинете или што ќе кажат за Џафери, каде се медиумите - дојде Арбен Џафери од Албанија пред весникот "Старт" и им кажа јас сум Арбен Џафери, еве ви ги сите документи и што ќе му кажат сега на г-динот Џафери. Само ќе му се извинат ли.

Јас мислам дека еднаш засекогаш треба да престанеме да правиме вакви конструкции. Да го респектираме правниот поредок и правните институции особено од позицијата и информациите кои ќе ги добиваме и кои ќе ги коментираме да бидат само информации со факти и аргументи од официјални извори, а не од некои неофицијални извори, од некои сенки, од некои тајни извори да се доградуваат аргументи и да губат еден ден пратениците овде, што чини повеќе од 20 илјади марки и да дискутираме за една информација за која се гледа дека нема правна основа. Значи, Џавид Асани е во Скопје, спремен е да се брани и тоа е важното.

Нормално, сите го осудуваме киднапирањето на четворицата војници. Министерството за одбрана издаде свое соопштение и проблемот на чувањето на необележената граница е поголем проблем и мислам дека со еден ваков случај, да бараме информација и да дискутираме за ваква работа не знам која е продуктивноста и ефективноста на соочување со вакви информации и конструкции.

Јас сметам дека време е веќе, па и медиумите и ние како пратеници, како личности да го браниме правниот поредок, да ги браниме институциите и само по тие аргументи, по тие факти, официјални можеме да дебатираме, да дискутираме за наши решенија, може да бидат поинакви гледања за некои точки од дневен ред и дури тогаш можеме да извлечеме некои конструктивни заклучоци и по нив да се произнесеме и да добијат правна форма, која утре задутре во практичната примена ќе им помогне и на граѓаните.

Затоа ова нека биде еден апел, не мора да биде заклучок во врска со информацијата, да престанеме со ваквите конструкции кои навистина два три пати се обистинија дека немаат правни или формални аргументи. Апелирам не само до пратениците од позицијата и опозицијата, туку и до медиумите навистина да престанат да се служат со информации од некои сенки, некои извори, 90% од конструкциите, од

информациите се даваат само по наши извори, ваши извори, а тука ги имаме институциите на системот, тука е правниот поредок и мислам ако нема аргументи, туку да се фаќа само за грешките што ќе ги прават тие што ќе ги водат институциите, тогаш се поаѓа по некој друг пат и навистина ние го губиме нашето ефективно време наместо реално да се соочиме со проблемите со кои се соочуваат граѓаните. Навистина граѓаните се соочуваат со вакви проблеми. Ако нашата интенција е уште еднаш да се навраќаме на разгорување на меѓу етничките проблеми, па да измислуваме дека тука е ОВК и да сакаме тоа да се случи за да ние дојдеме на власт и тоа мислам дека не е чесно од страна на ниеден одговорен, особено пратеник. Ако ние тоа го посакуваме и одиме тоа да го аргументираме од тие извори, некои сенки, не знам дали е тоа цената која се бара само да се дојде на власт.

Значи доаѓање на власт по секоја цена, мислам дека нема да му помогне на никој, било пратеник од позиција било пратеник од опозицијата.

Јас ве молам овие случувања, овие неофицијални информации што ги имаме да не ги искористуваме во оваа насока, затоа што никој нема да добие политички поени, само ќе губат тие граѓани, а за што сме ние овде.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има г-динот Сејфедин Харуни.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Почитувани дами и господа пратеници, Владата на Република Македонија ни достави информација за случајот на војничката патрола кај село Танушевци и за случајот на Џавид Асани, која е и тема на дневен ред. Информацијата беше побарана од пратеникот Стојан Андов за случајот на војничката патрола кај село Танушевци и за случајот Џавид Асани. Таа ни е доставена и воопшто не заслужува никаков коментар, затоа што е многу кратка и многу штура. Јас по информацијата од страна на ИПЛ, скоро месец дена во последно време медиумите толку му дадоа значење што навистина и не заслужува повеќе нешто да се прокоментира. Но, сепак јас на политичкиот дел, што сакаше да се постигне ќе се потрудам малку внимание да му посветам, па затоа ќе се задржам малку подолго на говорницата.

Според податоците со кои се располага, на ден 2 април 2000 година, патрола на АРМ во состав на четворица војници и тоа Марјан Стојанов, водач на патролата и војниците Виктор Стефанов, Дејан Михајловски и Шпотин Зибери била упатена во извршување на редовните службени задачи во контрола на граничниот премин на дел од граничната граница спрема Косово, во правец на Караулата Горни Кључ, Долни Кључ. Тоа се одвивало околу 5,50 часот на раскрсницата на патот кон Косово и село Долни Кључ, во кој реон државната граница не е одбележана, патролата била пресретната и запрена од 30 маскирани вооружени лица поставени од двете страни од патот и т.н.

При средбата на првиот контакт била надмината конфликтната состојба и воспоставена комуникација, затоа што маскираните и вооружените лица ја разоружале патролата и наредиле да тргнат со нив во правец кон село Мијак, Косово. Со кратки застанувања околу 13,00 часот пристигнале пред село Корбуљиќ, каде на нашите војници им било дадено храна и притоа бил воден општ разговор помеѓу едно лице од групата маскирани и водачот на нашата патрола и т.н.

Случајот на Џавид Асани, според податоците од Основниот суд Скопје II - Скопје, доставени од Министерството за правда со решение на истражниот судија КП бр. 47/98 од 16.09.1998 година е покрената истрага против лицето Џавид Асани поради постоење на основано сомнение дека сторил две кривични дела убиство во обид по член 123 став 1 и член 19 од Кривичниот законик на Република Македонија и кривично дело недозволено држење на оружје и распрскувачки материјал, на член 396 став 1 од истиот закон.

Истовремено судот определил и мерка притвор во траење од 30 дена. Со оглед на тоа дека лицето Џавид Асани бил недостапен или мерката притвор не можела да биде извршена, судот согласно Законот за кривична постапка донесол наредба за распишување на потерница и истата ја доставил до Министерството за внатрешни работи.

Прво, пронаоѓањето на 25.03.2000 година Џавид Асани бил притворен во одделението за притвор во затворот Скопје, каде што останал до 3.04.2000 година, кога од надлежниот истражен судија по поднесен предлог од страна на неговиот бранител била укината оваа мерка. При тоа се имало во предвид мислењето на Основното јавно обвинителство во Скопје, дека не постојат основите од членот 184 став 1 точка 2 и 3 од Законот за кривична постапка за натамошно траење на притворот. Мерката притвор е заменета со гаранција од 200 илјади ДЕМ, согласно одредбите од Законот за кривична постапка.

Да ве потсетам дека против Џавид Хасани, обвинителниот акт е покренат поради тоа што неговиот настан - обид за убиство, кога на 27 јули 1998 година околу 11,50 часот на улица "Марко Крале" - Скопје, градежните инспектори дошле со налог во присуство на полицијата да му го рушат семејниот дом изграден во неговиот двор. Во образложението на обвинителниот акт е наведено дека Џавид Хасани со оружје им се спротивставил на присутните за да не му ја рушат куќата, наводно пукал од далечина од околу 60 метри и во тој момент е ранет Хасан Далипи, работник на претпријатието "МИГ 2000".

Дали е точно дека пукал за да ги лиши од живот припадниците на Министерството за градежништво и припадниците на МВР, како и работниците од претпријатието "МИГ 2000" судот треба да го даде конечниот збор.

Второ, имам впечаток дека на Џавид Хасани сака да му се суди по порачка на големиот брат, затоа што бил учесник во војната на Косово, па дури и командант на ОВК, тоа е сосема друго. Доколку е точно дека војувал на Косово, по мое мислење, тој исполнил една граѓанска обврска спрема себе и спрема својот народ. На тоа му се радувам и му честитам. Доколку е вака, а сигурен сум дека е така, Информацијата на Владата исполнува само една обврска спрема големиот брат и тоа Србин, односно српската политика, тогаш станува збор за една голема грешка. Јас сум убеден дека тоа ви е целта, зашто тоа што за власта на Србија не е достапно, го исполнува Република Македонија и Владата на Република Македонија.

На Џавид Хасани вие сакате да му судите по порачка на српската политика, политиката на Милошевиќ и неговата тајфа, тогаш дозволете да кажам дека Владата на РМ, на чие чело стои Љубчо Георгиевски и неговата тајфа не можам да го наречам поинаку, освен продукт на политичките кругови на РМ, кои бараат непријатели лево и десно, внатре и надвор до бесвест играјќи на картата дека наши непријатели се Албанците, не ви причинува тешкотија нив да ги критикувате поради тоа што Албанците во РМ ги има секаде и во нејзиното опкружување.

Како одговор на ова, добар дел, за жал, и Албанци мислат против Македонците. Вие со српската политика не смеете да се служите, бидејќи Србија, вашиот партнер применува менталитет на средновековните цареви со методи на новиот колонијализам, за жал, истото го мислите и вие и во вашите редови и вашите истомисленици. Се што ви паѓа на ум вам и на вашите истомисленици, не можете да сметате на териториите на кои живеат Албанците како колонии и тоа на прагот на 21-от век и сите Албанци во РМ, на Косово како емигранти исто така на прагот на 21-от век.

Јас сум на мислење дека треба да го побарате изгубениот фенер ако сакате да не губиме многу време и да не го губиме она што е нај трајно и нај добро за сите нас и тоа мирот во Република Македонија. Косово за нас и без ваши елитни олигархии дефинитивно од тој колонијализам се спасува и дека монструмот Милошевиќ ќе заврши на јаже или пред Хашкиот трибунал.

(Реакција од страна на пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине Харуни, од говорницата не навредувајте други државници.

Имајте малку достоинство. Зборувајте што сакате, само немојте тоа.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Потпретседателе, јас се двоумев уште на почетокот дека ќе биде излишно ако настојувам да ја завршам оваа дискусија, додека вие ја водите оваа седница. Дозволете еднаш да не ми пречите. Ако ми овозможите да продолжам добро, ако не, тогаш јас сметам дека по оваа Информација е излишно и да се зборува.

Јас мислам на Џавид Хасани сака да му се суди по порачка на вашиот голем брат. Сега што друго? Она што за Србија е недостапен Џавид Хасани преку вас, може да биде екстрадиран во Скопје. Другата епизода може од Скопје може да биде екстрадиран во Белград.

(Негодување во салата). (Пратеникот му се обраќа на потпретседателот).

Ќе ми дозволиш или што е сега?

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ве молам, терајте си работа, но ако може да не спомнувајте личности.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Ќе ми се дозволи ли потпретседателе или како?

Двата стародревни балкански словенски народи Македонците и Србите (Пак негодување во салата), можете да судите како сакате и како можете, меѓутоа, вака како што постапивте сигурен сум дека не ќе можете колку сакате. Благодарам.

Ова може само во Собранието на Република Македонија тоа да се случи и тоа на коалициониот партнер ВМРО-ДПМНЕ. Јас

лично да се поистоветувам со оваа партија и овие пратеници навистина ми е понижување.

Жалам што морав и вака да се изразам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Процедурално господинот Спасов.

**ЃОРЃИ СПАСОВ:**

Сметам дека на пратеници кои се чувствуваат понижени и кои сметаат дека не им е достоинство да бидат во овој Парламент, го имаат правото на оставка и господинот Сејфедин Харуни би можел тоа право да го искористи. Тоа е едната работа. (Дискусијата беше пропратена со аплауз).

Втората работа, не е место во овој Парламент да се спомнуваат имињата на други државници, што е тоа што е предвидено за нив.

Трето, ако тој истиот господин смета дека овде сите колку што не има работиме по порачка на големиот брат, се мисли на Србија или на Србите, тогаш едноставно нека знае дека господинот Хасани, кој го почитуваат сите Албанци во Македонија и на Косово не го екстрадираа и не го донесоа овде Македонците, туку го донесоа силите на КФОР, пред се единиците на САД по наредба на Бернар Кушнер.

Се надевам дека тој истиот господин не мисли дека сите тие не работат по порачка на големиот брат. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Госпоѓа Ѓулистана Марковска има збор.

**ЃУЛИСТАНА МАРКОВСКА:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, драго ми е што господинот Харуни кој зборуваше дека некој треба да си го бара својот извор, очигледно тој си го изгубил компасот, па не знаеше дека се наоѓа во Собрание на Република Македонија, кое возврад го спомна, туку очигледно мислеше дека се наоѓа во Собрание на некоја друга држава.

Впрочем, за три последователни мандати во Собранието на РМ, требаше да научи дека со државата Република Македонија раководат Влада избрана демократски од Собранието, дека во моментот таа Влада избрана од Собранието е под раководство на премиерот, господинот Љубчо Георгиевски, меѓутоа. не е од неговата тајфа, туку работи со министри.

Очигледно има забуна и треба многу да учи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господинот Харуни има реплика.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Се додека вака се постапува во ова Собрание и на пратеник не му се дава право да изрази свое мислење, што би можело друго да се очекува од пратеници кои голем дел од архивата не поделува. Доколку ова што пишува во таа Информација, колку е кратка, иако во случај таа трампа била или како што се наведува, јас мислам дека вие сте влезени веќе во пиратски структури.

Меѓутоа, што и да се зборува друго во ова Собрание, очигледно некому не му се допаѓа. А дека големиот брат Србин тоа што не можел да го направи екстрадирање на Џавид Хасани преку тие структури на КФОР што се на Косово, тоа го правите вие. Ако е точно дека нему ќе му се суди, затоа што е учесник на ОВК, јас бев дециден и јасен. Тоа е чест на секој родољубец да ја брани својата груткa земја, или да брани она што му следува како човек и интелектуалец. Јас мислам дека после тоа да се брани прагот, нема. Ако е ова начинот за што треба да му се суди на Џавид Хасани, тогаш тука повторно немам што друго, туку таа корелација и послушност на големиот брат е во спрега. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, да не одиме до бескрај, јас мислам едно и тука ќе се согласиме сите што ќе се одлучи во постапката пред судовите, господинот Хасани прифатил јавно, односно дал ветување дека ќе соработува со судот во една постапка. Зарем сега ќе му спречуваме тоа тој што прифатил и што по нашите закони е предвидени да се спроведе. Оставете го другото на страна.

Господинот Насер Зибери процедурално.

**НАСЕР ЗИБЕРИ:**

Јас мислам дека без потреба се вжештува атмосферата и без потреба му се ускратува правото на господинот Харуни да се произнесе. Тоа право му го гарантира Уставот и никој друг нема поголемо право од него да се произнесе и да ги изрази своите размислувања околу точката што ни е на дневен ред.

Ценам дека претседавачот со седницата требаше да создаде услови тој да се изнесе до крај, а не со дофрлувања, дофрлувања кои станаа практика, а не зборувам за вас, туку од овде, од место, дофрлувања од место се со цел да се попречи пратеникот во изразувањето на своите мисли, околу точките на дневен ред.

Ве молам, господине претседавач, да обрнете внимание на таквите случувања и да создадете атмосфера, со тоа ве задолжува

Деловникот да воспоставите ред кога се дискутира овде. Инаку, вие сте во право кога тврдите за тоа што направил Хасани, кој е инволвиран, како, има постапка пред судовите, пред органите и се ќе се докаже.

Секој по своите дела, но навистина не ја разбирам загриженоста на одделни пратеници кога реагираат овде, зошто Харуни го спомнал името на Слободан Милошевиќ. Тој е. ако сте заборавиле, претседател на една друга држава, не е на Македонија. Го спомнува во контекст на дискусијата, зошто вас толку ве боли што го спомнува? Има врска, во контекст на случајот. Дозволете да се произнесам.

Гледано од таа гледна точка кога разговараме за демократски процеси и за задушување на тие процеси во контекст спомнуваме и други слични водачи на одредени земји, меѓу кои бил и поранешниот претседател на Албанија, Романија, Бугарија, за жал, меѓу последните такви е господинот кој го спомна пред малку Харуни. Но, дозволете да се произнесеме за прашањата, а вие да создадете ред за да се произнесеме. Без навреди, без чувства, а ако на пратеник навистина не му се дозволува да се изјасни, тогаш не Македонија, туку со право може да каже дека ова не личи ни на Тунгузија.

**РУБЕНС НАУМОСКИ:**

Дел од излагањето на господинот Зибери е прифатливо до една мера, меѓутоа, односот на пратениците и реакциите на пратениците и самиот мора да признае дека се предизвикани од самиот настап на господинот Харуни. Без Малку овде сите нас не стави во една инфериорна положба визави Слободан Милошевиќ и Србија. Тоа е навредливо за нас. Ние не можеме да останеме ладнокрвни. Без малку ни кажа дека вие си го слушате големиот брат. Па, не може да остане без наша реакција.

Како пратеник кој претставува голем дел од избирачкото тело, луѓе што го бирале, повикан е да има обзири спрема сите пратеници, вклучувајќи ги и пратениците и од позицијата и од опозицијата и пратениците од македонскиот дел. Факт е за сите дека предизвикувачки, иритирачки и навредливо е тоа што го рече. Затоа беше таква реакцијата. Ако зборуваме критички да бидеме и самокритични и да упатиме критика и кон своите понекогаш. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Збор има господинот Ризван Сулејмани.

Повелете на говорница господине Сулејмани.

Да не се откажувате од дискусија? (Реакција во салата).

Ве молам господине Ризван ќе говорите или не?

Еве имаш реплика и ова ти е последна.

(Мисли на господинот Харуни).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Господо пратеници, не сакам да бидам погрешно сфатен, меѓутоа овие 20 дена толку се дигаше врева и прашина за информација од страница ипол и зошто не ставате во ситуација ние поинаку да мислиме од тоа што другите размислуваат. Тоа е едно.

Колку врева се дигаше за споменикот во село Пороj, некни, отворен, исто така за паднат борец за Косово. (Реакции во селата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Господине, ова веќе на што е реплика? (Реакции во салата).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Извинете, да се надоврзам. Молим те. (Реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На што реплика?

Вие се откажавте од дискусија. (Реакции во салата).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Дали, дали сме свесни дека ние и правиме, што се вели "мечкина услуга" на самиот трет, заправо не на граѓаните на Република Македонија.

Албанците и за време на Втората световна војна...

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Не е ова реплика, човеку! (Реакции во салата).

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Над 7 илјади има дадено жртви само на српскиот фронт. (Бурни реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Ако продолжите вака ќе ви го земам зборот.

**СЕЈФЕДИН ХАРУНИ:**

Само во Бар има 4.500 во еден ден стрелани...(Бурни реакции во салата).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

На што личи... Исклучете го. (Реакциите во салата продолжуваат).

Господо, јас немам намера да го оправдувам дали ова дали она.

Сфатете едно, не е проблем колку ќе напишеш. Што ќе напишеш е проблем. Во извештајот има што, а не колку.

Повелете господине Ризван.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, навистина, јас сум сега деконцентриран и не знам дали ќе бидам она што...

Она за што треба ние денеска да расправаме... (Реакциите во салата не стивнуваат).

Потпретседателе, ве молам создадете услови за работа.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Колеги пратеници, ве молам да направите поднослив амбиент, ако можете да му дозволете на колегата да се искаже.

**РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ:**

Барам да ми се создадат услови за работа, со оглед дека по ваше барање беше продолжувањето на седницата од 17,30 часот. Можеби и јас можам да ги сфатам пратениците дека се изморени, но една многу значајна Информација, барем така беше оценето од оној кој ја покрена иницијативата, една таква Информација, јас очекував г-динот Стојан Андов, не ми се познати причините, зошто тој денеска не присуствува на оваа седница. А, имаме ситуација кога ние треба да расправаме по една информација и по илјада други информации што ги слушаме по разните медиуми.

Тоа што Владата го нуди како официјална Информација, за мене, а мислам дека и за мнозинството пратеници не нуди доволно аргументи да не убеди дека, сето ова што е направено, нема врска со тоа што некој пишува во медиумите.

Од друга страна, имајќи ги предвид медиумите, а јас немам мои лични извори на информации, немам мои лични шпиуни за да имам мој личен став и мои информации, што всушност се случило, мора да судам според она што ми се нуди како официјална информација од страна на Владата, ќе мора да расправаме по тоа што е шпекулација.

Господо пратеници, факт е дека подолго време, веќе две или три недели, македонската јавност се бомбардира, се информира, односно дезинформира со разни шпекулации за некоја си трампа, за која што од страна на Владата не можеме да го прочитаме тоа, а медиумите што тоа го шират како информација до сега не не убедија дека секогаш биле во право, со оглед дека повеќе пати, подолго време, јавноста ја трујат со таков вид информации, а јас ќе морам да ви кажам дека имам, навистина, доволно аргументи да го демантирам уште денеска, дека многу од тие информации се токму дезинформации, вие сте сведоци дека токму истите тие медиуми што пласираат една информација од типот на трансакција, беа тие кои две или три недели вртеа еден настан што немаше врска со вистината, затоа што јас сум бил личен сведок на таа и во тој амбиент сум живеел шест години.

Се работи за таканаречениот случај "Цементара - Јанковиќ" што нема врска со вистината. Две - три недели буквално се дезинформира, а не најдоа засходно да побараат информација за човек кој шест години работел таму. Сега немам причина да им верувам на истите дезинформации што ги пласираат.

Но, имам причина да верувам дека во Македонија свесно се создаваат три тенденции.

Прво, дека УНМИК, како овластен од ОН администрација, што треба да владее во преодниот период на Косово, по секоја цена да се девалвира и да се покаже како неспособна да одржи ред во Косово.

Второ, по секоја цена тежи да се тендира, да се прикаже една организација која подоцна и ден денеска е меѓународно легитимна и призната, како што беше УЧК сега трансформирана во ТМК и во Република Македонија се создаде клима на недоверба дека сето зло од Република Македонија доаѓа по една ситуација што реално постои на Косово.

Ако таа тенденција и цел на сета оваа Информација и барањето за ваква информација, јас мислам дека не требаше овде на овој начин да пристапиме.

Фактот дека некои пратеници овде реагираат емотивно, пристрасно, укажува на тоа дека не сме доволно критични да оцениме врз основа на аргументите и фактите, туку на основа на нашите лични убедувања и видувања, а таквите убедувања и видувања секогаш носат опасност да сме во грешка и заблуда.

Дозволете да создадеме атмосфера да во Република Македонија, навистина, владее правната држава. И јас мислам дека секој еден од нас овде е загрижен и тоа длабоко загрижен за било кој војник во Република Македонија, за неговата безбедност, затоа што, во крајна линија тие војници се наши деца, наши роднини, тоа се мои внучиња, двајца ги имам. Во крајна линија, во Информацијата стои, меѓу тие четири војници има и Албанец, што мислам дека не загрижува сите нас. Но, не барајте од вакви ситуации, во вакви трауматични

ситуации во Република Македонија, да создадеме клима на тензија и недоверба.

Таа тенденција е крајно опасна, господо пратеници. Ако тоа ни е цел, темата е промашена.

Јас ќе ве убедам, не како Ризван Сулејмани, пратеник Албенец, ќе ве убедам затоа што има можност, за жал моите колеги претставници во НАТО не дојдоа да ме придружуваат во Косово, каде добив информации од прва рака, не од Албанци, од УНМИК, од КФОР, од сите релевантни фактори што денеска се одговорни за состојбата таму и тие не убедија, не мене, нивните претставници од сите 19 членки на НАТО и не само тие туку и од членки, кандидати за НАТО, дека ситуацијата, како што ја претставуваат медиумите не само во Република Македонија, туку и во светот, не е таква, каква што некој сака да ја прикаже.

Дека таму се сосема други параметри и ќе укажат дека ситуацијата е поинаква. Илјада пати беше поставено прашањето - што е тоа УЧК, што е тоа ТМК, дали има доволно гаранции дека таа организација е под контрола? Што некој сака да каже дека таа не се контролира. Ни беше укажано, убедувањето дека таа е сосема под контрола и нема никаква опасност за државата, за Република Македонија и ние да се плашиме од таа ситуација.

Според тоа, не бараме случај да направиме од ништо. Ситуацијата треба да ја гледаме од наша гледна точка, кој е интересот на Република Македонија? Ако е интерес по секоја цена да создадеме тензии, не доверби, мислам дека тогаш сите губиме.

Според тоа, да почекаме, како што кажа господинот потпретседател - адвокат, судот да го каже последниот збор. Тој нека докаже што всушност се крие зад случајот Асани. Ако се покаже сето ова, господа пратеници, политичари кои зедоа обврска и одговорност и јавно ги искажаа своите ставови, ние пак ќе ги ставиме на тапет и пак ќе бараме од нив одговорност. Во случајот да прејудицираме, мислам дека правиме огромна грешка. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Му благодарам на г-динот Сулејмани.

За збор се јави г-динот Ѓорѓи Котевски.

**ЃОРЃИ КОТЕВСКИ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани дами и господа, како претседател на Комисијата за внатрешна политика и одбрана имам и особена должност да го истакнам, тоа што беше разговарано на самата Комисија и како известувач да го потврдам тоа што беше изнесено на самата Комисија, но исто така, да кажам и за тоа што беше како завршен чин од тој состанок, а тоа се заклучоците на Комисијата за внатрешна политика и одбрана.

Во секој случај, ова прашање што дојде на дневен ред во Собраниево, на некој начин беше изнудено најпрво од информативните гласила во Република Македонија и индиректно, преку пратениците во Собранието на Република Македонија беше доставено тука и Информацијата протече од надлежните министерства. Ние добивме релевантни показатели, т.е. релевантно известување од овие министерства и врз основа на тоа Комисијата расправаше и донесе сосема релевантни заклучоци на тој план.

На самиот почеток на самата Комисија констатирав дека пратениците, членовите на Комисијата за внатрешна политика и одбрана од СДСМ, кои на некој начин, цело време ја подгреваа оваа состојба и преку пратеничките прашања во ова Собрание, за жал, не присуствуваа на самата седница. Јас и денеска не знам кој беше мотивот и причината пратениците, членови на Комисијата за внатрешна политика и одбрана да не присуствуваат, кога веќе им била толку важна оваа Информација и овој настан, за да земат активно учество во Комисијата. Навистина не знам.

Меѓутоа, јас како претседател на оваа Комисија ќе застанам цврсто и во иднина, доколку членовите на Комисијата отсуствуваат повеќе од три пати, ќе побарам од пратеничката група на соодветната партија да се сменат таквите членови. Затоа што ние не можеме прелиминарно да бараме правилна распределба во комисиите на Собранието на Република Македонија, а на крајот тие да не доаѓаат и да не работат во оваа матична Комисија и како помошно тело на Собранието, да дадат свој придонес за такво прашање што е многу битно за СДСМ како опозиција.

На самиот почеток јас истакнав, оваа Комисија мораме да ја подигнеме на степен на одговорност, мораме да ја подигнеме на степен на важност за да сфатиме, ние дека овие комисии во Собранието не се формализирани, туку имаат одредена тежина. И тие, кога ќе заземат одреден став и ќе донесат одредени заклучоци, тие треба да бидат, во најголема мера, показател за секој говор, за секој настап овде во Собранието на Република Македонија. Токму затоа тие се нарекуваат помошни тела. Тие помагаат на пратениците, затоа што сите пратеници не можат да учествуваат во таа комисија и ќе

добијат соодветни показатели и од информацијата, од заклучоците од водената расправа на самата седница. Тоа е начинот, тоа е процедурата. Јас не гледам друг начин како да се работи во ова Собрание.

Но, да преминам на ова што денеска расправаме во ова Собрание. Најмногу ме зачудува фактот, што, пратеникот кој го постави ова прашање и влезе во дневниот ред, не присуствува на самата седница. Од друга страна, опозицијата што има "Орвеловско око", "Орвеловско уво", "Орвеловска рака", "Орвеловска нога", "Орвеловски ум", која знае се, слуша се, оди по трагите на сите "мртви души" во Република Македонија, јас не знам како можеме од една Информација, сосема издржана од страна на Министерството, да не веруваме и на оние податоци што ни се сервирани, а од друга страна вон институционално, на оние "Орвеловски", што знаат да слушаат и да гледаат, да веруваме на таквите дезинформации.

Еднаш треба во оваа држава да расчистиме, институциите во државава постојат. Тие работат или не работат доволно. Меѓутоа, тука се механизмите, полугите на движење што треба да се најдат во припомош и на некој начин политичката одговорност да ја сносат.

Но, во конкретниот случај, јас сакам само да напомнам и да ви дадам еден мал вовед. Ваквите игри ние ги гледаме од 1990 година, со воспоставување на првиот парламентаризам во државава. Секогаш, во вакви состојби, во вакви случаи, во вакви игри, мора да има најмалку две спротивставени страни. Едната е Македонската страна, друга е албанската страна или албанскиот фактор. Тоа е всушност Ахиловата пета во оваа држава, за која некој добро знае дека на таков испит многу се паѓа и токму на таква незгодна тема сакаат да играат и да даваат одредени дезинформации.

Јас уште еднаш ве убедувам дека ваквите опасни игри треба во Република Македонија да се прочистат или ако не друго, да извршиме една политичка катарза за повеќе да не се случува ова и да одиме на чисти нешта, што можат да не водат напред во овој демократски развој.

Исто така, сакам да ве потсетам, само за една илустрација, вратете се малку наназад на состојбата и случајот со Американската амбасада, потсетете се само на испишаните ѕидови во целиот град Скопје, околу тие настани со Американската амбасада и со палењето на Американската амбасада. Повторно потсетете се на настаните што се случија, на времето во Бит пазар, во Гостивар и на други места. Или во Арачиново. Секогаш ги имало истите страни и секогаш ги има истите оние актери на игра, кои сакаат да направат во Македонија особен раздор, за да може во даден момент, без разлика дали станува збор за опозиција или позиција да ја добијат или остварат сопствената цел што тие ја имаат.

Мислам дека, овде се прави успешен спој од страна на опозицијата. И, тоа како? Наводно, дека преправените лице од другата страна на границата на Косово биле активни членови на ОВК и дека ОВК во Република Македонија е инфилтрирана или активно делува и т.н., дека еве, ОВК не е под контрола на силите кои се наоѓаат во Покраината и дека сето тоа треба да се прелее во Република Македонија, за да се изврши дебаланс на противтежата во СР Југославија и самото Косово. Тоа се многу очигледни и проѕирни намери на овие актери кои сакаат денес да играат на оваа тема.

Меѓутоа, јас сакам уште еднаш да ве вратам во детството. Можеби сте го имале букварот во кој, во еден стар Буквар имаше едно многу убаво четиво за дечињата да се потсетуваат. Пишуваше вака - "дете не играј си со жар". Овие деца од страна на опозицијата денеска си играат со жар, а си играат со жар од 1990 година. Не сфаќаат дека од истиот жар ќе изгориме сите, не само тие, туку ќе изгориме и ние како невини луѓе.

Токму затоа, политиката мораме да ја градиме на реални основи, на реални претпоставки и на вистини. Ние не можеме да ја градиме на паушални оценки и проценки дека случајот... (Дофрлања од место).

Благодарам, тоа е епитет за мене. Тоа е факт од кој не се бега. Ние треба да сфатиме еднаш дека ваквата состојба треба да ја надминеме со точни информации, точни известувања и дека случајот со грабнувањето на македонските војници и случајот Хасани нема никаква врска и ние, како Собрание на Република Македонија и како матична Комисија на ова Собрание, од оваа област, не смееме да се мешаме во строгата поделба, уставна поделба на властите на Република Македонија. Судската власт е независна и таа ќе си го каже сопствениот збор.

Нашиот дел останува, она што претставува Собрание, она што претставува ингеренции на министерствата што треба да поднесат извештаи и ние, токму заради таа цел и јас како претседател, добро се консултирав, но исто така и претставниците кои беа повикани на самата комисија дополнително го дадоа целосно

образложение. Токму заради тоа, ние донесовме соодветни заклучоци што мислам дека се во духот на исправноста и на висината на овој случај. Се надевам дека за брзо време ќе паднат во вода и ваквите игри, како со Американската амбасада дека, во овој случај нема никаква размена на овој план што ова денеска се импутира како вистина. Благодарам.

**БЛАГОЈ ХАНЏИСКИ:**

Колегата Котевски, како претседател на Комисијата за внатрешна политика и одбрана, во својата дискусија спомна три работи врзани за седницата на Комисијата.

Прво, кажа дека членовите од СДСМ не присуствувале на седницата.

Второ, дека не ги знае мотивите зошто не присуствувале.

Трето, рече дека ќе предложи членовите на СДСМ во Комисијата за внатрешна политика и одбрана да се заменат или да се исклучат.

Со оглед на тоа што е еден од најстарите пратеници по стаж, па и по години, треба со сигурност да знае дека ниту е овластен ниту е повикан да дава предлози и да ја оценува работата на членовите на Комисијата и да дава предлози за нивна замена или исклучување. Но, она што е најважно е следното. Не можам да поверувам дека колегата Котевски, кој што го знае мотивот зошто таму не присуствувавме јавно го поставува прашањето на мотивот, најверојатно, од политички маркетинг, со оглед на тоа што, независно од тоа што спомнуваше дечиња, сепак, како еден од најстарите пратеници и најстар по возраст, треба да знае дека еден човек во исто време на две места не може да биде. Дека, мотивот лежи токму во тоа што двајцата претседатели на Комисијата за надворешна политика и Комисијата за внатрешна политика и одбрана од ВМРО-ДПМНЕ ги закажаа седниците во исто време.

Според тоа, ако бевме на седница на Комисијата за надворешна политика, која што траеше скоро до 13,00 часот, не можевме да бидеме и на седницата на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Тоа е мотивот и ништо друго. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да пратеници, Ханџиски се јави да му одговори по функција.

За збор се јави Лазар Китановски.

**ЛАЗАР КИТАНОВСКИ:**

Г-динот Котевски да се воздржи од вакви коментари и препорачува ВМРО-ДПМНЕ да го смени од претседател на Комисијата за внатрешна политика и одбрана. Благодарам.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Г-да пратеници, дозволете, имам на екранот 40 говорници.

Ве молам, ја прекинувам седницата во овој момент.

Притиснете ги копчињата да видиме кои се присутни.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Почитувани колеги само една минута, нема да ве задржувам повеќе.

(Реакција во салата од страна на пратениците).

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Сега веќе нема што г-дине Тито да кажеш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам ќе се уверите дека е важно. Само една минута.

Бидејќи, еве, потпретседателот ја прекина седницата и не ни кажа кога ќе продолжи.

Не знам, веројатно, дополнително ќе бидеме информирани или утре.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете, јас ќе одговорам на тоа.

За тоа морам да се консултирам со претседателот на Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, бидејќи овде цело време позицијата, опозицијата и некој дел од опозицијата го спорат фактот дека не станува збор за поврзаност на овие два случаи. Ве молам, процедурално еве ќе видите што има врска. Бидејќи во обраќањето до јавноста на Врховниот суд стои дека има допис од јавниот обвинител до истражниот судија, еве, што е процедурално, ве молам, нема тајна од пратениците во Собранието.

Затоа, предлагам утре или кога ќе биде продолжена седницата, да се обезбеди дописот од јавниот обвинител на затворена седница Собранието да го погледа, па дискусијата да продолжи.

**ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ:**

Дозволете за ова, колега Тито, треба да знаете едно, системот на субординација му дава право на јавниот обвинител во секое време на пониският да врши интервенција.

Дали нема да влеземе во надлежност на обвинителите.

Притиснете ги копчињата за да ја видиме присутноста на пратениците.

(Седницата прекина со работа во 18,45 часот).